Здружение на новинарите на Македонија

KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG

# Младите новинари како шанса за нова ера на медиуми со интегритет и влијание


Сашка Цветковска
Драган Секуловски
Ана Петрушева





www.kas.de

Здружение на новинарите на Македонија

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Младите новинари како шанса за нова ера на медиуми со интегритет и влијание

Сашка Цветковска
Драган Секуловски
Ана Петрушева

Јуни, 2021

# Импресум

**Наслов:**
Младите новинари како шанса за нова ера на медиуми со интегритет и влијание

**Уредник и автор:**
Сашка Цветковска

**Автори:**
Драган Секуловски
Ана Петрушева

**Соработници:**
Давид Илиески
Сунаи Сабриоски

**Издавачи:**
Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Здружение на новинарите на Македонија

**Координација:**
Даниел Браун
Давор Пашоски

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Компјутерска подготовка и печат:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Тираж:**
100 примероци

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
https://www.kas.de/mk/web/nordmazedonien
https://znm.org.mk/

**Напомена:**
Фондацијата Конрад Аденауер и Здружението на новинарите на Македонија не сносат одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторот.
Оваа публикација служи само за информативни цели. Таа не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи.

# Младите новинари како шанса за нова ера на медиуми со интегритет и влијание

Сашка Цветковска
Драган Секуловски
Ана Петрушева

# Содржина


**ВОВЕД** **7**

**УЛОГАТА НА МЛАДИТЕ НОВИНАРИ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ВО ЛОКАЛЕН КОНТЕКСТ** **13**

Формулација на проблемот.....15
Предмет на истражувањето.....18
Резултати од анализа врз основа на спроведен прашалник и ставови.........20

**УЛОГАТА НА НЕЗАВИСНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ МЕДИУМСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО КРЕИРАЊЕТО НА МЕДИУМСКИ ЛИДЕРИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** **25**

Стандардите како трансформативна сила во редакциите.....27
Како 90-тите од редакциите создаваа инкубатори на таленти?.....29
Искуството на БИРН: одбрана на стандардите преку вештини за идните медиумски лидери.....31
Вештини, вештини и само вештини.....33
Фаќање чекор со светот.....34

**НОВИ ИНОВАТИВНИ ИНКУБАТОРИ НА ТАЛЕНТИ: МЕДИУМСКА НЕЗАВИСНА СЦЕНА** **37**

Преку иновации во пристапот до медиуми со интегритет.....39
Искуството на OCCRP.....41
Стекнување аналитички вештини: критична инфраструктура за секој медиум.....44

**КРЕИРАЊЕ КРИТИЧНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СЕКОЈ МЕДИУМ ИЛИ СТЕКНУВАЊЕ АНАЛИТИЧКИ ВЕШТИНИ ВО ТРИ ФАЗИ** **45**

Техники на пребарување и прибирање на информации.....47
Пребарување на онлајн јавно достапни информации.....47

Пребарување на компании и лица.....48
Офлајн прибирање на информации.....49
Како до информациите што не се на интернет?.....50
Постапка за упатување на барање за слободен пристап до информации......50
Како да ги најдете имателите на информации?.....51
Каде да го најдете образецот за барање информации од јавен карактер?.......51
Како да прашате?.....51
Ниедно прашање не почнува со колку, како, зошто.....51
Како да знаеме кој документ го содржи она што го бараме?.....52
Како да поставите прашање до Европската Унија?.....54
Организирање на истражување.....54

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПОРАКИ СО ИНТЕГРИТЕТ** **57**

**РЕЗИМЕ** **71**

# Вовед

# Вовед

Тие се симбол на младинскиот пркос и храброст: Боб Вудворд и Карл Бернштајн се најпознатите имиња од историјата на американскиот весник „Вашингтон Пост“. Во 1973 година, и двајцата со ненавршени 30 години (Вудворд 29 и Бернштајн 28), станаа веројатно најславните новинари во светот кога ја открија аферата „Вотергејт“[1]. Нивното известување доведе до серија владини истраги, а најпосле и до оставка на американскиот претседател Ричард Никсон. Во четирите децении од „Вотергејт“ беа направени бројни филмови инспирирани од истражувањето, а Дастинг Хофман и Роберт Редфорд беа Вудворд и Бернштајн во играниот филм *All the president men*.

Возрасниот потенцијал на младите во светот веќе е поместен. Важните приказни од заедниците веќе ги работат и средношколци, кои со добро менторство бележат значајни резултати и што е најважно успеваат да издејствуваат промени во локалните заедници.

Меди Бајден, Трина Пол, Патрик Саливан, Кали Понитцки и Конор Балтазар се шестмина вешти средношколци од Канзас[2], кои како репортери во училишниот весник ќе откријат дека новата директорка има спорна биографија и ќе поведат борба со Училишниот одбор во која тие ќе победат. Кога локалниот општински округ ќе вработи нова директорка во училиштето договорот бил Меди Бајден да го напише вообичаениот текст за добредојде преку нејзино претставување.

Но, обичниот портрет бргу ќе премине во категоријата истражувачко новинарство кога 16-годишната Меди ќе забележи разлики помеѓу одговорите во интервјуто на директорката и формалната биографија на Ејми Робертсон. Себеси ќе се опише како некој со „деценискотo искуство во образованието, кое вклучува подобро меѓународно искуство како наставник и администратор“. Локалните власти ќе бидат импресионирани, но Меди ќе инсистира да ги провери сомнежите. Таа ќе ги повика останатите пет средношколци и заедно ќе ги истражуваат сите наводи од биографијата на директорката.

1 Објава на Washingtonpost, 14.06.2012, https://www.washingtonpost.com/lifestyle/style/as-years-go-by-watergate-drifts-toward-myth/2014/06/14/cff4080c-aa8a-11e1-b15f-a61faf9b4d76_story.html
2 Линк од соопштение на CBS News, 05.04.2017 година https://www.cbsnews.com/news/amy-robertson-resigns-after-student-reporters-investigate-her-credentials-pittsburg-high-school/

Ќе откријат дека универзитетите од кои таа има дипломира се паравани за лажни дипломи и во реалноста не постојат. Прво ќе пријават кај училишниот надзор, но тој ќе ги отфрли нивните наводи со недоверба. Ќе продолжат да работат на приказната. Четири дена по објавувањето Робертсон ќе биде принудена да си даде оставка, а приказната за четворицата средношколци ќе се претвори во национална приказна која ќе ги слави храброста, интегритетот и вештините кај младите.

Денес во развиените земји во светот преку сè подостапните и поприсутни тренинзи од страна на медиумските институции, преку младински програми во локалните редакции и преку училишните весници, поткасти и други дигитални платформи, младите се вклучени во продукција на квалитетно новинарство на начин кој станува сè повидлив и се проценува за витален за опстанокот на заедниците.

Младинското новинарство е решението на проблемите и платформа за идеите кои ќе ги трансформираат заедниците, градовите, државите, светот во нивното време. Едукаторите мора да бидат повеќе вклучени, да, но новинарите и медиумите уште повеќе мора да инсистираат на соработка со образовните институции и со младите од заедниците. Не само што постои потреба да се поддржат младите новинари во заедниците да известуваат за приказните и проблемите што ги мачат, туку ова е и огромна можност да им се дадат на младите задачи да работат теми кои ќе промовираат дијалог и свесност меѓу различностите на глобално ниво.

Во последната деценија, но особено во последните три години, многу од клучните стратегии на владините и приватните донаторски програми го ставија младинското новинарство високо на листата на приоритети. Се формираа многу иницијативи за медиумска писменост и во моментот во регионот се спроведуваат повеќе од 100 такви проекти, а академската заедница сè погласно зборува за потребата  медиумската писменост и младинското новинарство да станат интегрална компонента од образованието во целиот свет.

Сето ова е остварливо. Онлајн технологијата и алатките го направија новинарството многу поинтерактивно и партиципативно за локалната, националната и глобалната публика. Со онлајн технологиите редакциите имаат можност од младите новинари да направат многу повеќе од само идни известувачи на локалните вести. Младите денес имаат нешто што го немаа младите пред 10, 20 и повеќе години – можноста брзо да се поврзат со светот.

Денешните млади како ниту една генерација досега ја имаат можноста да ги дискутираат своите продукти и да имаат интеракција и вредносен суд и размена на идеи со своите врсници во светот. Да се користат младите во продукцијата на новинарски продукти е едно, но најголемата можност за поттикнување промени преку новинарството денес лежи во глобалната поврзаност: да се подготви следната генерација граѓани на светот кои ќе имаат вештини, разбирање и храброст да ги решат глобалните проблеми на денешницата во нивното време.

Во едно интервју Аманда Горман, која читаше своја поезија на инаугурацијата на американскиот претседател Џо Бајден, вели дека денешните млади се позагрижени за иднината на светот и веќе ги носат промените.

„Би рекла дека денешната младина е веќе носител на промените денес и тоа што нè очекува утре! Мислам дека со движењата што ги гледаме предводени од младите – движењето за климатска криза, Маршот за нашите животи и одредени струи од *Black Lives Matter* – тие се неспорно подобрени благодарение на немилосрдната енергија и историското разбирање на оваа генерација. Тие доаѓаат со подобро познавање на нашите недостатоци од минатото, особено претходната ексклузивност во социјалното лидерство и немаат намера повеќе во иднина да ги повторуваат истите грешки“*, ќе каже 22- годишната поетеса и активистка за човекови права.*

# Улогата на младите новинари и предизвиците со кои се соочуваат во локален контекст

# Улогата на младите новинари и предизвиците со кои се соочуваат во локален контекст

## Формулација на проблемот

Една од позитивните страни на новинарската професија е што никогаш не е доцна да се стане професионален новинар. Во демократските земји новинарството е слободна професија, а тоа значи дека најчесто за неа  државата не издава дозволи, ниту, пак, ова е дејност која се регулира на ниво со комори и лиценци, туку во здруженија и синдикати и тоа на волонтерска основа. Тоа е така бидејќи новинарите работат во корист на граѓаните, а правото на информирање е важно зашто на тој начин граѓаните стануваат свесни за контекстот во кој живеат и за оние кои ги креираат политиките и дали тие политики овозможуваат пристоен квалитет за живот на сите или не. Затоа има, пред сè, етички конфликт на интерес, оние кои се на власт да имаат моќ да кажат кој е новинар а кој не, бидејќи токму тие, носителите на јавни функции и народните избраници, треба да бидат предмет на критичка опсервација од страна на новинарите и да се бара од нив одговорност и отчетност.

Позитивната страна на новинарската професија во општ контекст е токму ова, слободата и отвореноста кон секој кој има желба и шанса да се обиде да биде новинар,  како и можноста да се влијае за подобро општество и поквалитетен живот за граѓаните е еден од мотивите за почеток на новинарска кариера.

*Но, што ако слободата на медиумите е загрозена, а дел од новинарите работат во лоши услови и за нив небезбедни услови?*

Еден од одговорите на ова прашање го дава и познатиот нобеловец и новинар од минатиот век, Алберт Ками, кој вели: *„Слободните медиуми можат да бидат добри или лоши, но секако, без слободата на медиумите никогаш нема да биде ништо друго освен лошо.“*[3]

3 Цитат на Алберт Ками, достапен на https://exit.al/en/2020/05/03/world-press-freedom-day-2020-some-of-the-worlds-most-famous-media-freedom-quotes/

Негативната страна во новинарството во локален контекст е политиката на неказнивост кон нападите на новинарите, судските постапки против нив за дела поврзани со нивната работа, јавните пари во медиумите кои може да влијаат на уредувачката политика, ниските плати и неповолните работни услови. Ова се само дел од факторите кои негативно се одразуваат на независноста на поголем дел од медиумите, но и за непопуларноста на новинарската професија, пред сè, кај младите.

Освен ова, има многу примери кога критични новинари и медиумски работници биле изложени на негативни јавни кампањи само за да се направи обид јавно да се дискредитираат, со цел нивната критика да го намали значењето пред јавноста. Овие кампањи како алатка за притисок и обид за јавно омаловажување, кои често имале и партиско политички наративи, дополнително влијаат да се намали и така нискиот имиџ на новинарската заедница. Ова придонесе дополнително професијата да станува непопуларна пред пошироката јавност, а ваквата состојба одговара на секоја власт, бидејќи полесно може да се справи со јавната критика.

Младите новинари и генерално медиумски работници, без разлика дали се тоа сниматели или фоторепортери, стануваат сериозно малцинство во редакциите и тоа е посебно изразено во традиционалните медиуми како што се телевизиите, радијата и печатените медиуми. Во моментов не постои информација во Република Северна Македонија која дава на знаење која е возрасната структура во медиумите и нема конкретна анализа за тоа колку млади новинари се присутни во редакциите на целата територија на земјата од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[4], како и од страна на граѓанскиот сектор. Но, од друга страна, Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) за потребите на овој текст, како и водејќи се од мотивот да се создаде секција на млади новинари во рамките на ЗНМ, во текот на март 2021 година спроведе анкета во повеќето медиуми со цел да се направи проценка на овие кадри. Во оваа анкета **вкупно се нотирани 107 млади новинари и тоа се лица кои се под 33 години и имаат активен работен ангажман во медиум или, пак, се повремено ангажирани со договор на дело. Земајќи ја вкупната бројка на активни новинари, која според ЗНМ во нашата земја изнесува околу 1000 новинари, претпоставката е дека помеѓу 10 и 15 % од вкупниот број на новинари се млади (под 33 години), а останатите се кон средината на својата кариера, но и доста возрасни**.

4 Информација добиена од стручната служба на АВМУ во март 2021 година.

Голема возрасна дискрепанца е забележлива и во јавниот сервис, односно во Македонската радио телевизија (МРТ), како и во Медиумската информативна агенција (МИА). **Така, заклучно со 31.12.2020 година во МРТ од вкупно 713 вработени, во МТВ 1, МТВ 2 и останатите редакции на другите јазици, како и во Македонското радио, има само 13 помлади новинари и само еден сниматель или вкупно 14, а додека во МИА од вкупно 98 вработени во 2020 година млади новинари под 33 години се само 13 лица**[5]

Освен во медиумите, помеѓу младите недостасува интерес и за студиите по новинарство. Така, на пример, **во 2020 година на Правниот факултет „Јустинијан I" во Скопје во прв уписен рок се запишале вкупно осум студенти, а додека во 2020 година на новинарските студии на Универзитетот „Гоце Делчев" (УГД) во Штип се запишале само пет студенти, од кои двајца редовни и тројца вонредни.** На третиот државен Универзитет во Тетово каде, исто така, има посебна Катедра за новинарство и медиуми, **во 2020 година се запишале седум студенти по новинарство, од кои пет се редовни и двајца вонредни**.

За споредба во минатото на Правниот факултет во Скопје каде има интердисциплинарна Катедра за новинарство **од 1977 година, кога оваа катедра била основана, првата генерација на новинари броела 125 студенти,** а и во наредните генерации оваа бројка била, исто така, околу стотина запишани студенти по академска година. Во рамки на студиската програма на УГД, која беше оформена **во 2009 година, во првата генерација биле запишани 61 студент,** а потоа во наредните години во просек имало по 50-тина запишани студенти годишно[6].

*Кои се главните причини поради кои новинарската професија станува неатрактивна и како може да се подобри состојбата?*

Има повеќе причини, но генерално може да се поделат на причини кои се предизвикани од надворешни и од внатрешни влијанија. **Надворешните** се однесуваат, пред сè, на малиот пазар и големиот број на медиуми кои се обидуваат да егзистираат, а како последица на тоа е нискиот економски стандард во новинарската професија кој е присутен во речиси сите медиуми. Освен ова, **надворешните** притисоци кон критични новинари и медиуми, особено од страна на политички партии, бизнис-центри, но и јавни институции дополнително ги

5 Информација добиена од интервју со надлежните на МРТ и МИА во март 2021 година.
6 Информација добиена од разговор со вработен во УГД Штип.

обесхрабруваат новинарите да имаат континуитет во професијата. Од внатрешните причини, една е начинот на кој се менаџираат медиумите, посебно во дел од традиционалните медиуми во кои платите на новинарите се ниски и во кои работничките права на медиумските работници не се почитуваат во целост. Во оваа насока како дополнителен аргумент е фактот што според анализите на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) во поголемите приватни медиуми не постојат колективни договори преку кои дополнително треба да се почитуваат работничките права на сите вработени, како и фактот што просечната плата на новинарите е помала од просечната плата во државата[7].

## Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување е да се направи проценка на статусот и потребите на младите кадри во медиумската индустрија во Северна Македонија, како и да се посочат позитивни примери за инклузија и градење на капацитетите на младите новинари и медиумски работници внатре во редакциите.

Во **првиот дел** од оваа публикација фокусот е на проценката на бројот на младите новинари кои се под 33 години[8], без разлика дали имаат постојан работен ангажман или се со повремен ангажман и тоа во традиционалните и онлајн медиумите на територија на целата држава. Во оваа насока ЗНМ вложи напори и спроведе телефонско анкетирање на свои членови од повеќето поголеми медиуми во државата, како и во дел од онлајн медиумите кои се членки на Регистарот на професионални онлајн медиуми[9], шесте регионални центри на ЗНМ во Струмица, Штип, Куманово, Тетово, Охрид и Битола, како и преку Здружението на печатени медиуми, јавниот сервис МРТ и МИА. Вкупната бројка која беше добиена од оваа анкета на новинари е **107.** Освен ова, во овој дел се дава контекст за бројот на студентите кои се запишале на студиските програми по новинарство во трите државни универзитети. Дополнително, се елаборираат и причините кои придонесуваат новинарската професија во последните години да станува помалку атрактивна за младите кадри. Овој дел, исто така, содржи и резултати од прашалник спроведен помеѓу поголема гру-

7 Анкета на ССНМ од 31.08.2017 година, достапна на https://ssnm.org.mk/komentari/%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B7%D0%B0%D0%B3%D0%BB-%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%B4-%D0%BF%D1%80

8 Европската федерација на новинари (ЕФЈ) има практика кога организира обуки за млади новинари да поставува старосна граница на лица до 33 години.

9 Регистар на професионални онлајн медиуми https://promedia.mk/main

па на млади новинари преку кој се прави обид да се осознаат потребите на младите во медиумскиот сектор.

Во **вториот дел** од оваа публикација фокусот е едукативен и од страна на искусен уредник, кој има пракса да работи со млади новинари кои истражуваат, се објаснува уредувачкиот процес во една истражувачка редакција со споредба во денешни услови и претходно. Во овој дел се присутни позитивни примери за работа во редакција преку кои се зголемува ефикасноста на тимот и содржи интервјуа со соговорници не само од државата туку и од други земји во регионот. Дополнително, во овој дел се објаснуваат неколку програми за *on the job training* и нивното значење повторно преку примери и соговорници. За крај, во овој дел се прави осврт на сегашната состојба и како таа влијае на новинарската професија, но и како статусот во новинарството се одразува на професионалните стандарди. Како пример ќе се земе предвид праксата на Балканската истражувачка репортерска мрежа (БИРН), но не се само во локален контекст, туку и најдобрите практики од соседните земји кои придонесуваат кон развој на висококвалитетни новинарски продукти ценети не само од општата јавност, туку и од меѓународната заедница.

Содржината од **третиот** дел е насочена кон објаснување на процесот на работа на младите новинари во истражувачките редакции преку образложување на процесите за работа внатре во редакциите според стандардите на Проектот за известување за организиран криминал и корупција (*Organized Crime and Corruption Reporting Project - OCCRP*)[10], основан во 2006 година. Оваа заедничка колаборативна платформа е конзорциум на истражни центри, медиуми и новинари кои работат во Источна Европа, Кавказ, Централна Азија и Централна Америка. OCCRP е организација за истражувачко известување која е специјализирана за организиран криминал и корупција и во овој дел посебно ќе бидат дадени примери како младите се интегрираат во редакциите преку обуки внатре во медиумот и преку конкретни новинарски задачи, а под процес на менторство од страна на поискусни новинари. Освен ова, четвртиот дел содржи насоки како новинарите да бидат храбри и мотивирани во своите новинарски потфати, истовремено запазувајќи ги највисоките етички стандарди и својата лична безбедност. Мотивираноста на младите кадри е клучна во редакциите, затоа низ примери ќе бидат образложени неколку техники на одржување висока мотивираност на помладите новинари, а ќе биде презентиран и кус водич низ практичните аналитички и критички вештини кои младите ги стекнуваат во единствената редакција со програма за млади новинари.

10 Organized Crime and Corruption Reporting Project – OCCRP, https://www.occrp.org/en

## Резултати од анализа врз основа на спроведен прашалник и ставови

За потребите на овој дел беше разговарано со професори и вработени во трите државни универзитети во кои има оддели за новинарство и тоа во Скопје, Штип и Тетово, а освен тоа се анализира и спроведен прашалник од полуотворен тип со осум прашања на кој во текот на  март 2021 година одговор дадоа 26 млади новинари.

Сумарно, сите универзитети се соочуваат со  проблеми од намалениот тренд на запишување на студенти по новинарство во последните години. **Главните причини поради кои во овие три универзитети во 2020 година се запишале вкупно 20 студенти во прв уписен рок** се различни и започнуваат од застареноста на наставните курикулуми по новинарство, дефицитот на наставен кадар и недостигот на академска литература која е достапна, пред сè, на македонски јазик, но и на другите јазици на кои се реализира наставната програма во земјата. Освен ова, во дел од наставните програми по новинарство изостанува практичната работа или, пак, многу малку е застапена, пред сè, поради просторни и технички ограничувања, а ова е многу важен дел за младите новинари со цел да бидат подготвени да знаат како се пишуваат новинарски текстови, како се вежба дикција, што е важно да се знае во пракса за снимање и монтирање прилог, водење интервјуа и слично. Предност во овој дел можеби има само УГД, кој е веројатно единствената образовна институција во државата која има технички и просторен капацитет за пракса по телевизиско и радиско новинарство.

Освен ова, Игор Стојанов, кој е главен и одговорен уредник во оддел за радио и ТВ на УГД, ќе дополни: *„Според мене нема една причина за намалување на интересот на младите за студирање на новинарство. Една од многуте причини е драстичниот пад на квалитетот на медиумски содржини во Северна Македонија. Сигурен сум дека првиот контакт на идните студенти со професијата се самите медиуми кои тие ги гледаат како гледачи, односно публика. Пред да станат студенти тие се публика. Гледајќи тие можат да ја видат непрофесионалноста, партизираноста и необјективноста наспроти глобалните медиуми кои денес им се достапни на младите преку интернет.“* Секако, освен перцепцијата на младите за начинот на работата на медиумите, важна околност е и стандардот, па така во оваа насока Стојанов ќе додаде: *„Друга причина би можела да биде и генерален недостиг на медиумски куќи кои функционираат во источните делови на земјата и нивната финансиска состојба. Веројатно младите гледаат и дека работата во медиумите во Северна Македонија, а особено во источните делови на земјата, е финансиски неисплатлива. И ние и многу други организации правевме истражувања за оваа состојба. Податоците ве-*

*лат дека 90 % од новинарите во источниот дел на земјата земаат плата која е под државниот просек. Тоа е поразително и срамно за професијата.“*

Сепак, во главниот град побарувачката на медиумскиот пазар би требало да биде поголема, земајќи предвид дека речиси на сите национални медиуми седиштето им е во Скопје, а тоа подразбира дека поголемиот број на медиумски работници е сконцентриран на едно место. *„Осум студенти по новинарство се запишале во минатата 2020 година во прв уписен рок. Причината за тоа е девалвација на академската заедница која се занимава со прашањата поврзани со медиумите и новинарството, големиот број креирани доктори на науки по медиуми а немањето каде да се вработат, секој се претставува како експерт за медиуми а нема поминато никаков едукациски циклус, и промовирање квазианализи и експертизи поврзани со теми во контекст на медиуми и новинарство и сл., се основните мотиви кои влијаат на ниската заинтересираност за младите да се запишат на државните студии по новинарство“*, вели д-р Јасна Бачовска Недиќ, вонреден професор на Правниот факултет во Скопје.

ЗНМ за потребите во исполнувањето на своите стратешки цели за 2021 година, а тоа е создавање секција на млади новинари, како и за потребите на оваа анализа, спроведе кратко истражување во форма на онлајн анкетен прашалник на македонски и албански јазик кој беше доставен до 80 новинари под 33 години од 30 медиуми на територијата на Северна Македонија.

Целта на анкетните прашалници е да се добие подетално осознавање на потребите на младите новинар/ки во поглед на поефикасна заштита на нивните права во редакциите, како и дефинирање теми кои се од заемен интерес за подобрување на капацитетите преку едукативни настани во и надвор од земјата, како и за подобрување на нивната меѓусебна солидарност како предуслов за наметнување младинските политики во медиумскиот сектор. Освен ова, дополнителна цел е креирање секција на млади новинари во рамки на ЗНМ како почеток на здружено организирање, кое се очекува да даде простор на младите да ја зголемат соработката меѓу себе, како и да се понуди платформа каде ќе може да се споделуваат позитивни и негативни искуства од професијата кои би биле предмет на понатамошни заеднички активности.

Прашањата кои се дел од оваа анкета се групирани во следниот формат:

1. Во каков медиум работите и каков е вашиот договор за работен однос?
2. Колку часа во просек работите дневно и дали имате пракса да работите за време на викенд и празници?
3. Дали сте задоволни од вашите месечни примања?

4. Дали сметате дека имате доволно слобода во сугерирање и избор на теми за кои известувате?
5. На колку обуки за унапредување на вашите новинарски вештини сте биле вклучени? Колку од обуките биле внатрешни во вашиот медиум спроведувани во форма на менторство од поискусни соработници?
6. Кои услови треба да се подобрат со цел да бидете повеќе мотивирани како млад новинар?
7. Како може новинарските организации во државата да помогнат за подобрување на статусот на младите новинари?

Врз основа на анонимно пополнетите прашалници од спроведената анкета можеме да констатираме дека во медиумскиот простор во земјата генерално работат млади новинари со возраст од 21 до 33 години кои имаат работно искуство од 1 до 8 години.

Во контекст на работните часови на младите новинари и дали се случува често да работат преку викенд и за време на празници, па и повеќе од осум часа во текот на работниот ден, одговорите се генерално да, но варираат од типот на медиумот во кои новинарите работат. Така, новинарите кои работат во онлајн медиумите претежно немаат редовно работно време од осум часа, туку тоа зависи од обемот на работата во даден период, што се разликува, пак, од новинарите кои работат во редакциите во телевизиите и весниците кои работат претежно по осум часа, а понекогаш имаат и дежурства за време на викенди и празници.

Поделени се ставовите во смисла на прашањето дали младите новинари се задоволни од висината на своите месечни примања, генерално новинарите кои имаат одговорено на конкретниот прашалник и кои работат во онлајн медиуми се задоволни, додека, пак, новинарите од телевизиите се незадоволни од своите месечни примања. Во врска со слободата во сугерирање и избор на теми за кои известуваат, генералниот заклучок е дека постои слобода во изборот на теми од страна на анкетираните млади новинари и дека тие имаат слобода да предложат тема и таа да биде прифатена од страна на уредникот или уредничкиот тим, но останува непознато колку тоа е често пракса, односно колку имаат навика младите новинари да предлагаат теми за известување или истражување.

Во однос на прашањата за учество во различни обуки за унапредување на новинарските вештини, како и за интерни обуки во медиумот спроведувани во форма на менторство од поискусни соработници, зачудува фактот што скоро и

да не постојат, со ретки исклучоци. Не е позната причината зошто е тоа така, но претпоставка е дека главен фактор кој влијае на ова е динамичната работа која ретко дозволува посебно во помалите редакции да се најде доволно време за интерни обуки.

Во анкетниот прашалник е наведено: *„Алармантна е состојбата со унапредување на вештините и градењето на капацитетите на младите новинари во редакциите, дали како форма на надворешни обуки или, пак, во форма на менторство од страна на поискусните колеги внатре во самиот медиум. Фрустрирачки делува дури и одбивањето на поискусните колеги да помогнат во тоа таканаречено модернизирање или унапредување на вештините на младите колеги како нас кои допрва започнуваат да работат во редакциите“*, беше потенцирано од страна на млад новинар.

Во однос на градење на капацитетите на младите новинари во прашалниците еден од коментарите е и следниот: *„Потребна е организација и финансирање на истражувачки и репортерски активности во странство за да имаме можност ние младите новинари во фелата да размениме искуства и да се стекнеме со нови знаења и позитивни примери од праксата надвор од земјата каде што работиме. Секако, тоа би придонело првенствено за запознавање на колегите од други земји и редакции, зголемување на протокот на информации, како и помош и соработка со поширок круг на колеги надвор од државата“*, беше наведено од страна на анкетиран млад новинар.

Во анкетниот прашалник беа потенцирани неколку услови кои во иднина треба да се подобрат со цел поголема мотивација на младите новинари и тоа:

- » зголемување на платата во однос на работата за време на празници и викенди,
- » унапредување на вештините и компетенциите на младите новинари преку организација на внатрешни и надворешни обуки,
- » менторство од страна на постарите колеги, прифаќање сугестии кои нудат свежина и унапредување на работата во самата редакција, автономија при избор на теми, да нема мешање на сопственииштвото во работата.

Во контекст на начинот на кој можат новинарските организации во државата да помогнат за подобрување на статусот на младите новинари беа потенцирани неколку работи, како организирање заеднички активности во смисла на спроведување обуки кои би ги граделе капацитетите на младите новинари во редакциите преку спроведување разни настани, но и активности и промоција

на теми поврзани со заштитата на работничките права на младите новинари, како и бесплатна правна помош за заштитата на авторските права кои се појавуваат како сè поактуелен проблем во фелата. Новинарските здруженија, исто така, можат да помогнат преку нудење краткорочни средства за изработка на стории за новинари кои не се вработени во моментот, да им излезат во пресрет и да помогнат во барање работа и, секако, преку формирањето секција на млади новинари при ЗНМ да одржуваат чести средби и обединети да дејствуваат во решавањето на предизвиците со кои се соочуваат секојдневно по завршувањето на формалното образование.

Од добиените одговори на анкетниот прашалник од страна на младите новинари можеме да заклучиме дека иницијативата да се оформи секција на млади новинари при ЗНМ е силно поздравена и поддржана од нивна страна со надеж дека само здружено и со јасно утврдени барања може да се направат промените кон подобрување и унапредување на условите на професијата новинар, како и да се зачуваат стандардите на професијата.

Во прашалникот во однос на оваа иницијатива на ЗНМ има коментар кој вели: *„Силна поддршка и за поздравување е ваквата иницијатива на ЗНМ која има намера да се фокусира и на младите новинари во државата, поради тоа што од нас младите еден ден ќе треба да произлезат искусни новинари кои можеби еден ден ќе бидат и уредници во редакциите. Сакам да потенцирам дека од исклучителна важност е оваа секција во раководната структура да има млади новинари кои со своите предлози и сугестии за подобрување, осовременување на новинарството како професија ќе придонесат за модернизација на самиот процес, како и ќе дадат нова енергија, но и инспирација за оние млади луѓе кои сакаат еден ден да станат новинари да не се двоумат, бидејќи таа е една од најубавите професии,“*

# Улогата на независните меѓународни медиумски организации во креирањето на медиумски лидери во Северна Македонија

# Улогата на независните меѓународни медиумски организации во креирањето на медиумски лидери во Северна Македонија

## Стандардите како трансформативна сила во редакциите

За време на технолошката револуцијата се случи драматично високо зголемување на протокот на информации. Нештата се длабоко променети ако се погледне само пет години наназад. Социјалните мрежи од секого направија таканаречен креатор на содржини или оператор со информации, додека увидот во нивниот квалитет и веродостојност речиси и да не постои. Дигиталните манипулации повеќе не се опасност или ризици, туку присутна и широко распространета реалност.

Затоа е важно младите новинари да се учат на таканаречната стара школа за етика и стандарди, а формалните и неформалните образовни организации да им овозможат на младите луѓе приказните кои ќе ги комуницираат со светот да имаат интегритет, ефективност и сеопфатно покривање. Само соодветно тренирани и високомотивирани новинари можат да ја вршат улогата на чувари на вистината и да бидат вистински очи на граѓаните во време кога повеќето граѓани се апатични.

За тоа да се случи се потребни крупни промени во редакциите, а еснафските здруженија и владините и невладини институции е потребно да вложат повеќе напори во подготвувањето и создавањето на следната генерација чувари на демократијата.

Паралелно на сето ова, еден друг феномен зазема значајно место во јавниот живот и ја обезвреднува и ја корумпира новинарската професија. Во последните 10 години се случија и драматични промени во јазикот со кој комуницираат медиумите. Јавниот дискурс е вжештен, а вулгарниот јазик е широко распространет. Живееме во општество во кое малкумина имаат многу, а многумина имаат многу малку. Оние со пари и моќ постојано посегнуваат по вниманието врз мнозинството со популистички реторики и сеење страв и општа несигурност.

Во изминатите 5 години светската јавност сведочеше како специјални војни на моќните интересни групи од политиката, безбедносните служби и бизнисот можат да дестабилизираат цели држави и региони, па дури и да разгоруваат војни.

Парадоксално, иако популарните и традиционалните медиуми имаат значајно поголема човечка и финансиска моќ, улогата на разоткривање  теми од висока корупција и злоупотреба на моќ ја имаа две-три независни и мали специјализирани редакции. Известувањата на Призма, 360 степени, Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ) и други помали независни редакции расветлија многу предатори во информациските војни и барем делумно помогнаа во разобличување на штетните наративи од специјалната војна.

Ова се должеше на повеќе фактори, меѓу кои централно место заземаат преголемите бизнис и политички влијанија врз уредувачките одбори во медиумите. Ваквата поставеност не промовира мерит и интегритет. А атмосфера која ја наградува покорноста а не талентот и квалитетот, не нуди личен и професионален развој. Оттука, го нема потребниот сет вештини за да произведе квалитетна содржина во служба на јавниот интерес.

Такви содржини станаа речиси невозможно да се креираат поради сè понагласеното мешање на сопствениците во менаџирањето и уредувањето на медиумот. Во националните телевизии доминираа сопственици на кои медиумите не им беа примарен бизнис, туку средство за постигнување  лични цели.

Оваа генерација искуси поголема отвореност кон светот благодарение на политичките процеси на помирување во регионот во кој во деведесеттите беснееја војни. По 2000 година ако не во атмосфера на дијалог, барем во состојба на мир на териториите на земјите од Западен Балкан ќе почнат да течат процесите на помирување и посветено ориентирање кон европските интеграции. Привремената стабилност на полето на медиумите ќе резултира со инвестиции од страна на меѓународните донатори во сферата на тренирањето на македонските млади новинари, со цел да поттикнат дијалог и соработка во низа колаборативни програми на Западен Балкан.

Балканската мрежа за истражувачкото новинарство и Проектот за известување за организиран криминал и корупција ќе бидат организациите кои  ќе извршат најголемо влијание врз регрутирањето  нови таленти и тренирањето новинари од балканските држави

## Како 90-тите години од редакциите создаваа инкубатори на таленти?

Медиумската сцена на крајот на 90-тите години обилуваше со ентузијазам, амбиција и богата конкуренција. Беа отворени нови медиуми, десетици фантастични автори продуцираа раскошни четива, возбудливи насловни страници, ТВ-прилози кои би можеле да се најдат на Си-ен-ен и воопшто владееше стремеж да се направи нешто подобро, поквалитетно, покреативно.

Во тоа време беше престиж да се биде новинар и уредниците играа клучна улога.

„Не постои текст што не може да се скрати“, така им се обраќале некои од уредниците на новинарите и низ практичен пример седејќи до нив им покажувале каде и зошто ќе се скрати текстот кој морал да се спакува во 2500 знаци. Оттогаш, секое следно „кратење на текст“ било нова лекција по новинарство. Тие совети од страна на уредникот, сите беседи и дебати низ кои се пренесувало знаењето често вределе многу повеќе од наставата која за време на студиите во суштина била теорија без пракса.

Низ годините оваа неизвесност делувала инспиративно, кога уредникот го чита текстот, а новинарот се премислува во последен момент дали таа реченица е предолга, има ли доволно колоритни описи, да не има премногу-премалку изјави, треба ли поинаку да го заврши текстот?

Редакциите во тоа време биле инкубатори на новинарски таленти, но имало ред и утврдена траса под будното око на уредниците. Младите новинари без искуство ретко завршувале со сторија на насловна страница  или водечки прилози во вестите. Токму со тој ред и правила и стандарди се однесувале и израснале генерации новинари кои и денес се присутни во водечки улоги во некои медиуми.

Но, ако тогаш една редакција можела да се гордее со дузина обучени професионални новинари, денес ситуцијата е драматично сменета. Негативната селекција, напредување на послушните на сметка на квалитетните го прави своето, уредниците се замолчени и тргнати на страна, па сè помалку има редакции, колегиуми и најстрашно има цели генерации новинари кои воопшто не искусиле уредувачки процес. Многу од медиумите се нурнати во политичко идеолошки конформизам на сопствениците на кои никој не помислува да им се спротивстави.

Не треба да се има розова слика дека тогаш немало политички или бизнис-влијанија или притисоци, се разбира дека имало, но имало и многу повеќе интегритет и уредници кои не се плашеле и не се колебале да постапат спротивно на она што доаѓало како барања од партиски челници или сопственици на медиуми.

Во последните петнаесетина години, газдите на медиумите – при тоа не мислејќи  само на сопствениците, бидејќи тој поим наметнува повеќе дистанца, а такви има сè помалку –  во потрагата по максимален профит и во дослух со политичките елити ја редефинираа својата улога и отворено и безмилосно ги користеа своите медиумски куќи, што за остварување бизнис, што за политички интереси. Во тој процес, прво се елиминирани главните непослушници, уредниците, професионалните стандарди се избришани, новинарите кои не сакаат да добиваат инструкции од партиски штабови се отпуштени и се вработени  млади луѓе на кои од прв ден од новорегрутираните уредници и соработници новинарството им е претставено како професија во која е прифатливо и вообичаено да го позајмат името и гласот на однапред напишани содржини. И дека тука нема ништо чудно.

За возврат, многу од тие млади луѓе кои немаа ниту искуство ниту поминаа некаков тренинг во рамките на редакциите беа катапултирани да ги носат насловните страници и водечките прилози. Очекувано тоа водеше до сериозно напуштање на стандардите за кои во многу медиуми и немало кој да ги брани, бидејќи уредничките позиции беа  резервирани за послушници и пропагандисти.

Политичките елити кои кумуваа на тој процес тоа го наградија со владини фондови и отворениот простор го уредија со најбрутални политички нарачки, партиски спакувани вести и жесток линч на неистомислениците спакуван во уреднички коментари.

Тој сериозен недостиг на цврста уредничка рака која  не само што ќе ги брани професионалните стандарди, туку, пред сè, ќе биде и водилка и главен фактор во образувањето нови генерации новинари во последните години, влијаеше на валкањето на образот на професијата и засилувањето на перцепцијата на публиката дека новинарството служи на други интереси, наместо заедничкото добро што е синоним на толку употребуваниот термин – јавен интерес.

Дополнително, денес со доминацијата на социјалните мрежи и експлозијата на човек-портали, македонските медиуми водат беспоштедна битка за освојување публика, битка во која најголемата падната жртва се професионалните стандарди. Во трката за кликови вести се прават од фејсбук статуси на ано-

нимуси, различни дезинформации се пренесуваат без никаква проверка и јавноста веќе не може да направи никаква разлика помеѓу факти и небулозни тврдења. И додека многумина одбиваат да прифатат дека професионалото новинарство и новинарите се сериозно загрозени, професијата веќе ја плаќа цената. На некогаш престижните студии по новинарство каде што се пријавувале над 100 кандидати, сега се пријавуваат едвај десетина. На медиумската сцена, на која опстојуваат неверојатен број медиуми по глава на жител, освен ретки исклучоци, доминира бука од копирани и препишани вести,  шпекулации и дезинформации и политичка пропаганда.

Таа бука не е случајна и  има за цел да ги загуши вистинските прашања, да ги покрие аргументираните коментари и детални анализи, да дефокусира од вистинските теми и најважно да ја убеди публиката дека апатијата е оправдана. За среќа, многумина сè уште можат тоа да го препознаат, но со ваков развој  на трендовите, и локални и глобални, професионалното новинарство е должно да се бори многу пожестоко за својата позиција, наместо да тоне во малодушност.

Борбата за враќање на довербата не може да се добие за еден ден, но важно е целта да биде препознаена и кон неа да се стремиме. Враќање на дигнитетот на професијата не е можно без инсистирање на бескомпромисна примена на професионалните стандарди, интегритет и силен уредувачки процес, за што треба да се залагаат и новинарите и уредниците и сопствениците. Во спротивно, професионалните медиуми повеќе нема да можат да се вратат на тронот во информативната сфера.

## Искуството на БИРН: одбрана на стандардите преку вештини за идните медиумски лидери

Балканската репортерска истражувачка мрежа е организација која е формирана во 2004 година од пет новинарки и еден новинар, повеќето од нив со искуство со работа во медиуми како Ројтерс, Фајненшел тајмс, Би-би-си, IWPR и други. Групата новинари ги има споено заеднички вредности и заложби за поинакво новинарство од она што се гледа во мејнстрим медиумите. Основачите сметаат дека вистинската формула е комбинацијата на светските професионални стандарди и локалното знаење. И одговорот на прашањето –  па што? Зошто токму оваа приказна е важна? Затоа решиле да основаат една мрежа која ќе негува токму такво новинарство.

И токму поради тоа за публикациите на БИРН важат ригорозни стандарди и правила за изработка на сториите во кои уредниците имаат клучна улога во секоја фаза, од формулирањето на работната теза до финалната фаза на објавување на приказната. Уредникот го води и го насочува новинарот низ целиот процес, од прелиминарното истражување, до избор на соговорници, подготовка за интервјуа, пребарувања и толкувања документи и други докази, до финална структура на приказната.

Тој процес не дозволува слепо копирање на статуси од социјални мрежи, ниту, пак, ширење непроверени тврдења од партиски центри. Тој процес неретко бара многу време, трпение и нерви, често новинарите во прелиминарната фаза на истражувањата студираат темелно одредена тема пред да одлучат кој е аголот за истражување.

Низ работата со уредникот новинарот учи стандарди, но и стапици кои влијаат за точност, прецизност, проверка на информации, како се третираат извори, како се лоцираат и опишуваат анонимни извори и како се проверуваат нивните тврдења, етички дилеми, како се известува балансирано за избори, како се известува од суд, како се известува за трагични настани, како се црта бекграунд, како се доаѓа до документи, инсистирање на право за одговор на засегнатите, проценка на ризик во одредени ситуации.

Новинарската работа носи огромна одговорност и новинарите мора во секој момент да се свесни како нивната работа може да влијае на животите на луѓето, особено кога често сведочиме на непромислени и проблематични извештаи кои ниту водат сметка за семејства на жртви кога брзаат да јават дека некој извршил самоубиство, ниту кога разгоруваат меѓуетнички поделби во трката за кликови и сензационализам.

Новинарството е сила што ги поттикнува социјалните и политичките движења, открива пукнатини во системот и влијае на одлуките што ги носиме на дневна основа. Неговиот успех во едукацијата на јавноста може да го одржи или да го разбие општеството.

Борбата со лажни вести особено сега во време на пандемија ни покажа дека мора да имаме добро обучени новинари кои ќе бидат непристрасни набљудувачи и ќе известуваат со факти, ќе расудуваат критички и нема да стигматизираат.

## Вештини, вештини и само вештини

Во последните петнаесетина години низ тренинг програмите на БИРН поминале стотици новинари од регионот, многумина од нив сега уредници и новинари во водечки медиуми, телевизии, портали, во чии биографии се содржани престижни награди и признанија. Балканската стипендија за новинарска извонредност, програма со која од 2007 година годишно десет новинари од регионот работат на длабински анализи и истражувања вклучува детален почетен еднонеделен тренинг, најчесто одржуван во Берлин и Виена. Пред пандемијата ова било значителна финансиска и уредничка поддршка за работа на една сторија во период од неколку месеци. Многумина кои биле дел од оваа програма велат дека е тешко да изберат само еден сегмент што би го издвоиле како најдобар. Шансите за патување, запознавањето, дружењето, разменувањето искуства со колеги од регионот, но и посета на редакции во други земји, контакти со различни новинари, но и создавање мрежа на контакти во регионот и Европа и долгогодишни пријателства. За општествата, во кои генерално има малку интерес и уште помалку познавања што се случува преку границите на земјата, овој тип на програми нудат совршена можност за надградба.

Откако новинарите ќе ја сработат првата верзија на приказната, имаат детални повеќедневни сесии со уредникот кој ги води, најчесто уредници кои доаѓаат со долгогодишно уредничко и новинарско искуство во редакции како Би-би-си, Гардијан, Индепендент, Политико итн. Во тие сесии новинарите можат од прва рака да сведочат како изгледа уредувачкиот процес во редакциите на чии ѕидови се врамени најпрестижните светски награди, како Пулицеровата. На моменти тој процес може да биде исцрпувачки и фрустрирачки, дури и за новинари со повеќегодишно искуство, бидејќи низ работата се претресува буквално секој збор, но обезбедува непроценлив увид како навистина треба да се подготвува една сторија и содржи новинарски лекции кои не се забораваат.

Дополнителен поттик се и наградите за најдобрите три стории што се избираат од  десетте кои се изготвуваат секоја година, кои на посебна завршна церемонија ги доделува жирито составено од познати експерти и новинари од Европа и Балканот. Изработените стории се објавуваат и на англиски, но и на сите други јазици од регионот и преку партнерски медиуми се реобјавуваат истовремено во повеќе земји.

Од 2012 година БИРН ја организира летната школа за истражувачко новинарство[11], еднонеделна програма која се одржува на крајот на август на различни локации на Балканот, каде што учесниците имаат можност да слушаат предавања и вежби од врвни новинарски имиња од целиот свет. Програмата на школата секоја година е дизајнирана да вклучува развој на нови вештини и техники, истражувачки алатки со предавања и работилници со водечки новинари од светски познати куќи како Њујорк Тајмс, Ројтерс, Суддојче цајтунг, Гардијан, Би-би-си, Си-би-ес и многу други.

Новинарите учесници на школата имаат можност да одберат теми на кои би работеле со колеги од регионот и БИРН обезбедува финансиска и уредничка поддршка за изработка на регионални стории[12] од тимови новинари, кои откако ќе бидат изработени се објавуваат на јазиците од регионот и на англиски јазик преку публикацијата на БИРН, „Балкан Инсајт“, но и во други престижни меѓународни изданија.

Освен овие годишни програми, БИРН организира и други тренинзи за новинари на различни теми од професионални стандарди и етика, тренинзи за подкасти, за дигитални права, за истражување криминал и корупција, за истражување јавни набавки, нелегални финансиски текови, проверка и верификација на факти, судско известување итн.

## Фаќање чекор со светот

Во рамки на повеќе свои различни програми БИРН ја тренира младата генерација новинари чиишто почетоци датираат по 2005 година, односно по добивањето статус на Северна Македонија на земја кандидат за членство во ЕУ. Евроинтегративните процеси во повеќето држави на поранешна Југославија носат особени придобивки за мобилноста на младите новинари и нови шанси за меѓународна соработка и зајакнување на толеранцијата во поствоениот регион.

11 Летна школа за истражувачко новинарство 2012 година БИРН, https://balkaninsight.com/2012/05/25/birn-summer-school-2012-enrolment-2012/
12 БИРН, Финансиска помош за изработка на регионални стории, https://prizma.mk/godinata-niz-nasha-prizma/

Добивањето на визната либерализација во 2009 година е пресуден момент во тренирањето на она што треба да бидат идните медиумски лидери обучувани по највисоките стандарди. Во тој период тренинзите и школите на БИРН ќе ги минат новинари во почетоците на кариерите кои денес се веќе зрели новинари.

Катерина Топалова, новинар и уредник во Јавниот сервис МТВ1, долги години работи и следи дневно новинарство.

„Она што го работев беше анализа, куса дневна обработка и нивна презентација. Но, ако само малку повеќе се продлабочите во секој збор, ќе почувствувате можност дека можете да излезете од „домашната рамка", раскажува таа за своето искуство со Програмата за новинарска извонредност на Балканската истражувачка репортерска мрежа.

Мојот светоглед се прошири кога сфатив дека шансите се овде, пред мене, само треба да ги искористам. Клучен момент беше учеството на летната школа на БИРН во Романија. Таму запознав колеги од регионот и слушав искуства и предавања од уредници кои работеле во светски признати медиуми. Контактите од Брашов ми отворија нова можност – стипендија за новинарско истражување. Се пријавив и цела година работев со уредник кој работел во Британскиот радиодифузен сервис (Би-би-си). Постојани телефонски разговори, допишувања, лице в лице сесии со уредникот со кој работевме исклучиво на една тема. Тоа е луксуз кој во дневното новинарство ретко или речиси никогаш не го дава еден уредник. Научив многу, значително ми значеше за стекнување нови новинарски вештини, нови контакти и начин на работа. Речиси во исто време дојде и можноста за доедукација на реномираниот Факултет за новинарство во САД, Мисури. Ова беше значаен чекор во мојата кариера, по кој со новиот начин на изработка на моите прилози добив неколку награди за достигнувања во новинарството.

Ако за еден новинар најголемо богатство се контактите, тогаш овие две искуства ми беа отскочна штица која ми помогна да влезам во подлабоки води", вели Катерина Топалова.

Овој дел и следниот дел со причина даваат осврт на организациите кои ги практикуваат високите меѓународните стандарди и каде што можат да се реализираат млади луѓе кои понатаму со својата работа ќе даваат и локален и глобален придонес кон значајни политички промени кои ќе имаат моќ да го променат животот на луѓето на подобро. БИРН е и меѓу првите прозорци кон светот

за новинарите кои понатаму изградија врски со други значајни и влијателни светски организации, како Меѓународниот проект за известување за организиран криминал и корупција (OCCRP), кој неповратно ќе го промени концептот на медиуми и ќе ги трасира високо на скалата на моќ преку откривање афери како Данске банк[13], Панама пејперс[14], Руски ландромат[15] итн.

Анкетираните новинари за целите на овој прирачник и моменталната состојба во медиумите кои ги следат обвинувања дека не му служат на јавното добро, покажуваат дека квалитетното новинарство сè повеќе егзистира надвор од мејнстримот, но и дека младите имаат интерес за многу повеќе од само слепо следење приватни агенди. Како во светот, така и во земјата, младите генерации чијшто моментум кој ќе им го определи животот се и настани како Светската економска криза од 2008 и климатските промени, всушност, сакаат да придонесат и да се ангажираат на суштински начин во медиумите.

Следниот дел од оваа публикација ќе покаже како оние млади новинари кои ја поминале обуката на OCCRP како да следат висока корупција и прекуграничен организиран криминал, а кои сега се во првите години од својата кариера, креираат простор за нови млади сили кои работат рамо до рамо со врсниците од светот.

13 Пример кој се однесува на Данске банк достапен на https://newsoncompliance.com/danske-bank-the-story-of-europes-biggest-money-laundering-scandal/

14 Пример кој се однесува на Панама пејперс достапен на https://www.bbc.com/news/world-35954224

15 Пример кој се однесува на Руски ландромат достапен на https://www.occrp.org/en/laundromat/the-russian-laundromat-exposed/

# Нови иновативни инкубатори на таленти: медиумска независна сцена

# Нови иновативни инкубатори на таленти: медиумска независна сцена

## Преку иновации во пристапот до медиуми со интегритет

Денес во медиумите новинарите влегуваат комплетно неподготвени за практична работа од новинарските студии за кои едвај има и некаков интерес. Во редакциите се очекува да научат како да работат. Но, во ерата кога најважни се рејтинзите, а новинарството е сензационалистичко и сите се борат за внимание по секоја цена, новинарите не се мотивираат да работат квалитетно.

Побарувачката за квалитетни информации никогаш немала поголем потенцијал да наметне промени. Во моментот постои значително незадоволство и општи фрустрации за квалитетот и веродостојноста на информациите. Медиумите имаат историско ниво на недоверба, а сегашните деловни модели не работат за да обезбедат дистрибуција на информации од јавен интерес.

Во просперитетна демократска култура медиумите имаат одговорност да се залагаат за решавање на прашањата на заедницата, додека за промовирање на овие напори се потребни слободни, силни и критички медиуми. Медиумите се многу поларизирани – секој има тенденција да ги толкува и да ги анализира информациите во согласност со нивната припадност – што резултира со обезбедување пристрасни или искривени информации за јавноста.

Тековните деловни модели засновани врз привлекување реклами или потпирајќи се на приходи од податоци од социјални платформи, како што се Гугл и Фејсбук, не ја поддржуваат идејата за печат врз основа на интегритет и служба кон јавниот интерес.

Но, оваа работа е во моментов една од најпосакуваните дополнителни работи на македонските студенти. Па така, во борбата за вниманието на националните медиуми, младите ги преземаа медиумите-препишувачи и сензационалистички гласила чијашто функција е да објавуваат сè што носи кликови, бидејќи повеќе кликови значат повеќе пари. Информациите сега и формално се лукративен бизнис кој има цел од нив да заработи пари. Тоа се коси со основната мисија на новинарството да му служи на јавниот интерес, туку на профитот.

Лила Карараташева (22) во основното и средно образование единствено научила дека има талент за пишување благодарение на практичната работа на писмените задачи по македонски јазик. За разлика од развиените држави кои инвестираат во развивање на вештините за критичко и аналитичко обработување на информациите и поттикнување на размислување и презентација на идеи, во македонскиот образовен процес генерацијата на Лила Караташева не може да искуси такви програми, а ги немаат ниту привилегиите за време на нивното образование да се отвораат студентски и средношколски медиуми.

„Во текот на студирањето се чувствував подготвено да работам работа со пола работно време, која ќе ги зголеми моите месечни приходи, но како млада личност ќе ми остави и доволно простор и слободно време за моите придружни активности. Започнав да работам во онлајн медиум. Мојата задача беше да ги копирам или да ги видоизменувам вестите кои први излегуваа на агрегаторот Тајм и да ги споделувам на Фејсбук со интересен опис, кој  ќе ги натера корисниците да ја отворат веста. Се сеќавам дека на интервјуто за работа ми беше нагласено дека јас не сум новинар, бидејќи е тоа дискутабилно со оглед на фактот што мојот факултет не е завршен, туку јас сум креатор на содржина.“

За работотата немала никаква подготовка, а вели дека на секој просечен граѓанин со минимално образование не му треба никаква подготовка.

„Од оваа гледна точка, тоа воопшто не беше медиум. Тажниот момент за новинарството е што тоа и навистина секој го прави и што креатор на содржина е повеќе платена работа од работата на новинар. Мојата визија беше далеку поопширна од тоа да копирам туѓи вести, таа работа за мене не носеше никаква сатисфакција“, раскажува Караташева и вели дека, сепак, ваквите содржини им носат профит на сопствениците.

Во професионална медиумска организација Караташева доаѓа да работи како практикант-волонтер во 2020 година во Истражувачката репортерска лабораторија ИРЛ, локален центар и партнер на Проектот за известување за организиран криминал и корупција (OCCRP).

„Борбата и трудот кои ги забележував кај колегите кои со сите сили се трудат да ја истражат вистината и  да ја прикажат на неколку страници ме воодушеви уште првата недела. Во ИРЛ научив дека новинарството не е само пишување, и дека за добар производ треба многу повеќе од талентот на само еден новинар“, вели таа.

Лила Караташева својот прв тренинг во вистинска редакција го добива како млад практикант во ИРЛ, членка на Меѓународниот проект за известување за организиран криминал и корупција (OCCRP), уште една организација која изврши неповратно влијание врз квалитетот на известувањето од сферата на владеењето на правото во земјите од Западен Балкан и вклучување на младите новинари во глобалните процеси на борба со корупцијата и органзираниот криминал.

Ако во 2015 година млади новинари од Северна Македонија работеле на проектот Панама пејперс или историски најголемата меѓународна новинарска соработка која ќе ги постави темелите на модерното новинарство кое се потпира на вмреженост, денес истите новинари им овозможуваат на новинари како Караташева да работат на исти такви значајни проекти. Тоа се клучните охрабрувачки елементи кои ги поттикнуваат новинарите да му служат на јавното добро преку самодовербата којашто доаѓа од работа која е плод на труд, тренинг и меѓународно признаени вештини.

## Искуството на OCCRP

Во Северна Македонија младите уредници и новинари, кои во минатата деценија имаат работено со OCCRP со фокус на стекнување аналитички и критички вештини за откривање криминал и корупција, денес во мала редакција во Скопје, без формални тренинг програми, туку исклучиво преку практична работа и поттикнување на храброто новинарство, тренираат нова генерација медиумски работници кои треба да дадат придонес во светската борба против корупцијата и криминалот како најголеми закани за демократијата.

Нивното искуство е презентирано како уникатен концепт кој ги обединува искуствата на младите уредници и истражувачките новинари кои биле тренирани и работеле регионално и меѓународно на теми на кои работеле и нивните врсници во Европа и светот. Денес преку локалниот центар ИРЛ тие тренираат нови млади сили во почетните стадиуми на нивните кариери и се стремат да креираат високо и глобално компетитивни критички умови кои ќе ја разберат моќта на медиумите и ќе ги сетираат идните стандарди рамо до рамо со своите врсници во светот.

Во последните пет децении се бележи драматична глобализација на организираниот криминал и корупција. Со помош на „индустријата за криминални услуги“ – корумпирани банки, адвокатски фирми, агенти за регистрација и лобисти – криминалните мрежи постојано ги развиваат своите пазари, а најкорумпираните службеници и тајкуни во светот лесно грабаат, перат и кријат украдени пари. Резултатот е невиден трансфер на богатство и глобална мрежа на високо ниво на корупција и организиран криминал што ја поттикнува и ја зајакнува глобалната нееднаквост, подемот на екстремистичките групи и падот на демократските институции низ целиот свет. OCCRP верува дека е потребна мрежа за борба против криминалните мрежи. За да го постигне тоа, оваа организација е фокусирана на зајакнување на своите  членки кои ги има во повеќе од 55 држави и речиси на сите континенти.

Со развивање и опремување глобална мрежа истражувачки новинари и објавување на нивните стории, OCCRP изложува  криминал и корупција за јавноста да биде информирана дека сторителите ќе можат да сносат одговорност. Како платформа за истражувачко известување и светска мрежа на независни медиумски центри и новинари, OCCRP повторно го открива истражувачкото новинарство како јавно добро. Со оглед на зголемувањето на трошоците и растечките закани за независните медиуми, OCCRP им обезбедува на медиумите и на новинарите низа критични ресурси и алатки, вклучително и дигитална и физичка безбедност и им овозможува на оние што ги покриваат најчувствителните теми да работат во тимови со доверливи уредници. Додека ги почитува највисоките новинарски етики и уреднички стандарди, OCCRP развива и распоредува врвни технолошки алатки за да овозможи соработка и безбедна истрага водена од податоци и докази. Со создавањето на истражувачка платформа за податоци наречена Алеф (Глобалната архива на истражувачки материјал за истражувачко известување)[16], а поддржана од софтвер што организацијата сама го развива веќе 10 години, новинарите можат да пребаруваат и да вкрстуваат повеќе од една милијарда записи за да пронајдат криминални врски и модели и ефикасно да соработуваат преку границите.

„Најголемиот дел од новинарите на Западен Балкан кои први работеа со OCCRP беа млади новинари или почетници и тие се покажаа како исклучително вешти ако со нив работат искусни уредници. Ако можеме да истренираме млади луѓе кои ќе ја помогнат борбата со корупцијата и ќе придонесат за независни медиуми во своите земји, тогаш зошто тоа да го правиме подоцна, а не порано“,

16 OCCRP Aleph - The global archive of research material for investigative reporting, достапно на https://aleph.occrp.org/

вели Дру Саливан, основач на OCCRP. „Ние сме овде да им овозможиме на нашите членки пристап до врвна технологија и човечка поддршка за нивната работа и инвестираме во создавањето  млади истражувачки ѕвезди“.

Во 2018 година со поддршка на OCCRP, а поради неможноста да водат и да учествуваат во уредувачките политики во традиционалните медиуми, се формира Истражувачка репортерска лабораторија. ИРЛ е единствена организација која во моментов има посебна програма за млади новинари фокусирана на вештини, храброст и интегритет. ИРЛ е дел од центрите на OCCRP во Скопје. Нејзините основачи работат со OCCRP веќе една деценија и во рамки на својата работа имаат откриено меѓународни информациски војни, шпионажа, трговија со оружје и висока корупција.

Дополнително, тимот на ИРЛ има поголем диверзитет во однос на професиите и организацијата се стреми да постави основи и механизам на функцонирање на редакциите од новото време кое подразбира повеќе вештини, поголема соработка и поинаков начин на комуникација со публиката. Во таа насока, а по примерот на OCCRP, овде не се тренираат само новинари туку и млади луѓе од креативните индустрии  и ИТ-индустријата кои придонесуваат важните приказни на кои работат нивните врсници да допрат до што поголема публика и да овозможат подобра комунијација. Преку *purpose oriented* тренинзи и овозможување пристап до ексклузивни тренинзи и обуки надвор од земјата, како и работа на теми од висока корупција кои  обично не им се даваат на младите новинари во класичните редакции, организацијата се стреми да го направи новинарството атрактивно меѓу младите, а нив да ги тренира во идни чинители со интегритет, храброст и вештини за промени.

Постои општо прифатен мит дека темите од важност за граѓаните е клучно да ги работат искусни новинари. Вистината е дека, всушност, сите теми во медиумите треба да се од голема важност, а младите мора да учествуваат во фазите на таа работа за да можат еден ден одговорно да ѝ служат на јавноста.

Младите новинари во ИРЛ минуваат три главни фази во текот на нивниот тренинг. Овие фази се користат за да се оценат и нивните специфични таленти и афинитети токму во судирот со новиот начин на работа. Првата фаза е најмакотрпна и вклучува учење  техники на пребарување и организирање  истражувачки стории. Новинарите за еден месец веќе мора да ги познаваат основните јавни бази на податоци во земјата и најмалку во регионот како: катастри, компаниски регистри, царински податоци, владини веб-страници, ресурси на невладини организации. Истовремено, во оваа фаза која трае најмалку 6 ме-

сеци новинарите мора да се запознаат со ресурсите на OCCRP со цел да знаат како да ги користат и што имаат на располагање кога им треба дата или друг сервис, како дигитална форензика, на пример.

Сето ова се прави преку работа на тековните истражувања на кои младите ја преземаат улогата на истражувачи и асистенти на уредниците и репортерите.

### Стекнување аналитички вештини: критична инфраструктура за секој медиум

Институциите создаваат огромни бази на јавни податоци и документи кои во ерата на интернет технологиите и стремежите за отворено општество стануваат полесно достапни. Истовремено, овие податоци заедно со теренската работа и аналитичките способности во 21 век стануваат клучни алати во работата на истражувачките новинари.

Но, и покрај привидната отвореност на институциите изразена во генерирање илјадници документи кои се прикачуваат онлајн, остануваат предизвиците на пронаоѓање на овие документи во купот од разни документи, на селекција на важните од неважните и на изнаоѓање начини за полесно доаѓање до вистинските податоци кои им се потребни на истражувачките новинари кои работат во сферата на антикорупцијата и владеењето на правото. Уште еден значаен аспект од корista на новинарите сами да умеат да ги следат и да ги пребаруваат јавно достапните податоци е отсуството од туѓи агенди во процесот на расветлување на фактите и потрага по вистината. Новинарите често добиваат документи од трети лица или таканаречени извори. Но, дури и најдобро намерниот извор има агенда.

Способноста новинарите сами да ги пребаруваат и да ги анализираат податоците и преку нив да откриваат приказни ја растоварува вистината од туѓите агенди и ги прави единствен сопственик на приказната која сакате да ја раскажете.

# Креирање критична инфраструктура за секој медиум или стекнување аналитички вештини во три фази

# Креирање критична инфраструктура за секој медиум или стекнување аналитички вештини во три фази

## Техники на пребарување и прибирање информации

Фазата на истражувањето (*research*) започнува со преземање активности за пребарување и собирање  информации. Информации кои понатаму се организираат и анализираат со цел да  дадат контекст и подлабоко разбирање за она што се стремиме да го пишуваме. Важен дел од овој процес е и начинот на кој ќе се презентираат овие информации. Фактите, особено кога се во голем обем, може да се измешаат и да станат конфузни и хаотични. Затоа при нивно презентирање е потребно  да се следи   наратив кој е јасен и лесно читлив.

Целта на истражувањето (*research*) е да се соберат сите потребни информации кои се во насока да ја докажат хипотезата на новинарската истрага. Ова подразбира собирање информации за тековните настани, вести, публикации, извештаи, регулативи итн. А понатаму и пребарување информации поврзани со луѓе, компании и средства – како недвижен имот, бродови и авиони – кои се дел од истрагата.

Основниот механизам за собирање на информациите секогаш вклучува пребарување преку интернет и/или пребарување во физички архиви, институции, библиотеки итн. Сепак, со развојот на технологијата и процесот на дигитализација најголем дел од информациите се достапни онлајн, па со тоа и голем дел од новинарското истражување (*research*) се базира на онлајн пребарување – преку јавно достапни извори или преку комерцијални дата-бази на податоци.

### Пребарување на онлајн јавно достапни информации

Пребарувањето на онлајн јавно достапни информации е првиот чекор и подразбира собирање информации од извори кои се јавно достапни и до кои секој може да пристапи. Преку ова пребарување може да се дојде до секакви информации, без разлика дали се бараат актуелни вести, информации за компании и луѓе или, пак, средства.

Најчесто користени алатки за вакво пребарување се софтверите за извршување веб-пребарувања, односно пребарувачите како *Google, Bing, DuckDuckGo, Yandex* и други. Секој од овие пребарувачи ја има истата функција, систематски начин за пронаоѓање информации преку текстуално пребарување. Но, исто така, секој од пребарувачите со своите можности нуди различни опции за пребарување, како:

- Напредно пребарување
- Пребарување со слика
- Оценка на кредибилност на изворот на информација

## Пребарување компании и лица

Единствениот официјален извор за пребарување компании кој може да се користи како доказ за новинарската истрага се информациите добиени преку официјалниот регистар. Сите останати информации собрани од други јавно достапни извори, на пример, како *OpenCorporates*[17], или други комерцијални дата-бази, не може да се користат како официјална информација.

Повеќето земји дозволуваат пребарување на регистрите на компании преку интернет, односно увид во информации и/или документи за конкретна компанија. Но, во многу случаи овие бази на податоци на интернет може да се пребаруваат единствено според името или идентификацискиот број на компанијата, и не нудат опција за пребарување преку име на сопственикот.

Поради ограничувањата кои доаѓаат преку поединечно пребарување на компании во регистрите на компании на секоја држава посебно, постојат комерцијални дата-бази на податоци. Овие бази на податоци нудат бесконечни можности кога станува збор за истражување луѓе и компании. Тие овозможуваат пребарување врз база на клучни зборови низ голем број бази на податоци кои можат да откријат мрежа на компании низ целиот свет.

Кога се бара име на некоја личност, најважно е да нема откажување ако не се најде компанијата веднаш. Секогаш истражувачите треба да се обидат да пребаруваат со презимето или варијација на пребарувањето со правилен правопис. За да избегнат идентификација, луѓето честопати намерно пишуваат име, користат средно или моминско презиме или само измислуваат име. Регистрите за деловни активности понекогаш изгледаат на друг начин.

17 OpenCorporates - The largest open database of companies in the world, достапно на https://opencorporates.com/

Потребно е истражувачите да се обидат да пребаруваат по адреси и на адресите на луѓето и компаниите. Може да се најдат повеќе компании регистрирани на исто место. Голем број компании поврзани со семејството на азербејџанскиот претседател Илхам Алиев беа пронајдени регистрирани сите на исто место – домашната адреса на семејството.

За да го сокријат својот идентитет, вистинските сопственици често користат полномошник – лице кое знае или несвесно дејствува во име на друг. Може да се работи за близок роднина, брачен другар или дете, но, исто така, и деловен партнер, пријател, доверлив адвокат – или позајмен идентитет.

## Офлајн прибирање информации

Оваа фаза трае три месеци. Во време од три месеци секој млад новинар кој е дел од интерната тренинг програма на ИРЛ веќе знае како напредно да го користи Законот за слободен пристап до информации[18] и како да ги пронајде информациите кои не се  достапни во електронска форма.

Постојат и податоци кои се класифицирани и за кои навистина постои основ да бидат такви, особено кога се работи за сензитивни договори од областа на безбедноста. Проблемот се јавува кога институциите сакаат да сокријат податоци кои по својата суштина се јавни, но со цел функционерите да избегнат компромитирање, а често и кривична одговорност одлучуваат да не ги дадат податоците образложувајќи дека се класифицирани.

Во овој дел накратко ќе биде  објаснето  како правото кое произлегува од Законот за слободен пристап до информации може да биде одлична алатка за новинарските истражувања. Овој Закон уредува две работи: податоци кои институциите мора да ги објават јавно на своите веб-страници и податоци кои граѓаните можат да ги побараат од државните и јавни институции преку обрасци за барање  информации.

Законот за слободен пристап до информации им овозможува на граѓаните да побараат секаква писмена информација поврзана со работата на институциите, како и до сите информации кои ги поседуваат институциите а припаѓаат на информации од јавен карактер.

18 Закон за слободен пристап до информации, 16.05.2019 година, http://www.mod.gov.mk/wp-content/uploads/2019/07/Zakon-za-sloboden-pristap-do-informacii-od-javen-karakter.pdf

## Како до информациите што не се на интернет?

## Постапка за упатување барање за слободен пристап до информации

Барањето може да се упати лично, преку пошта или електронски, преку имејл. Ако истражувачот барањето го упати лично, односно усмено, тогаш треба лично да се побара во институцијата лицето кое е надлежно за слободен пристап до информации, а тоа лице е должно да помогне да се напише барањето, доколку е потребно. Ако информацијата се бара на овој начин, во согласност со Законот институцијата е должна да одговори во рок од три работни дена.

Втората можност е податокот да се бара писмено по пошта, а третата опција е да се побара електронски. Многу од институциите не се добро запознаени со Законот, па може да не го примат барањето пратено преку имејл. Често помага кога заедно со барањето во електронскиот допис ќе се истакне и зошто е обраќањето на овој начин.

Пример во прилог:

Во НОВА ТВ ова се применува задолжително кога барањата се праќаат електронски и тогаш службениците ретко се осмелуваат да побараат од барателите да ги праќаат барањата по обична пошта.

*Почитуван/а (име на одговорното лице)*

> *Како службено лице за инфорамции од јавен карактер во согласност со објавите на Комисијата за слободен пристап до информации Ви ги испраќам моите барања за слободен пристап по електронски пат во согласност со законските можности*

*Поука:*

> *Член 12 (1) Барателот пристапот до информацијата може да го бара усно, писмено или во електронски запис. (2) Секој барател врз основа на барање има право на пристап до информација од имателот на информации со кои располага, и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис.*

## Како да ги најдете имателите на информации?

На веб-страницата на Комисијата за заштита на правото на информации од јавен карактер во горното мени има секција наречена „Листа на иматели на информации"[19]. Кога ќе кликнете на листата ќе можете да ја одберете институцијата која ви треба и таму ќе најдете контакт информации од службеното лице за слободен пристап во институцијата, адресата и имејл адресата.

## Каде да го најдете образецот за барање информации од јавен карактер?

На веб-страницата на Комисијата за заштита на правото на информации од јавен карактер на десниот вертикален дел има банер „Обрасци". Се кликнува на банерот и тој води на друга страница каде што може да се симнат обрасците[20].

## Како да прашате?

Клучно е да се знае правилно да се побара информацијата. Македонскиот закон предвидува дека служејќи се со правото на слободен пристап до информации може да ја се побара секоја информација која е писмено создадена.

Што значи ова и какви грешки прават новинарите?

## Ниедно прашање не почнува со колку, како, зошто

За најдобро да се долови на што се однесува ова и што е тоа писмено создадена информација, погледнете го примерот подолу.

„Во 2011 година, додека сè уште како помлад новинар и не бев толку упатена во начинот на којшто се користи ова право, поднесов барање за пристап до

19 Листа на иматели на информации од јавен карактер достапна на http://komspi.mk/%d0%bb%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%b8%d0%bc%d0%b0%d1%82%d0%b5%d0%bb%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d0%b8%d0%bd%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8/

20 Образците се достапни на http://komspi.mk/%d0%be%d0%b1%d1%80%d0%b0%d1%81%d1%86%d0%b8/

информации од јавен карактер до Кабинетот на тогашниот премиер, а прашањето гласеше:

*Колку пари потрошил премиерот Никола Груевски во 2008, 2009 и 2010 за роуд-шоуата на кои бара инвеститори?*

Одговорот кој го добивме беше следниот:

*Владата на РМ не располага со посочената информација.*

А еве како истото прашање беше поставено во јули 2016 година:

Од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

*Одлуки за службен пат, патни налози, пресметки за службени дневници, фактури од хотели и авионски билети, фискални сметки од угостителски услуги, извештај од службена картичка за претседател на влада и членови на кабинет за сите службени патувања во годините 2011, 2012, 2013, 2014, 2015".*

Добиениот одговор беше дека информацијата е класифицирана со степен „интерно" и дека нејзиното објавување може да предизвика одредени штетни последици по земјата и граѓаните кои се посилни од јавниот интерес. Иако овој одговор е апсурден, а во наредниот пример за корист која новинарите можат да ја добијат со овие барања ќе се види и зошто, овде се покажува дека овој пат владата не вели дека ја нема таа информација.

Зошто? Затоа што институциите можат да ви дадат само информации кои се создадени, односно документи кои постојат. Ако владата или која било институција не создала документ во кој се вели дека потрошиле одредени финансиски средства годинава на патувања, тогаш таа информација не е создадена. Службените патувања се плаќааат во согласност со законите во земјата и за нив се води сметководствена евиденција. Значи, може да се бараат само документи.

## Како да знаеме кој документ го содржи она што го бараме?

За погорниот пример беа консултирани сметководители и беа прашани како ги водат службените патувања и тие објаснија што е потребно да се побара. „Секогаш размислувајте кој би можел да знае каде се крие информацијата".

Важно е да се консултираат законите. Беше упатено прашање до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони колку пари државата им дава на име субвенции и какви сè олеснувања имаат странските инвеститори со цел да се истражи кои се придобивките.

Веќе е утврдено дека не може едноставно да се напише во образецот „Колку нè чинат странските инвестиции“. Кога не постои опција „повикај пријател“ како сметководителот, се отвораат сите закони кои ги уредуват овие инвестиции и таму се бара како и во кои документи се уредени овие поволности, бидејќи секој закон тоа го утврдува. Законите откриваат дека има повеќе институции кои ја уредуваат работата на индустриските зони, како Агенцијата за странски инвестиции, Министерството за економија итн, но една институција има уредени надлежности во законот да ги прибира овие информации – Дирекција за технолошки индустриски развојни зони. Па така, од неа беше побарано следново:

*Договори за закуп и подзакуп помеѓу основачи и корисници на ТИРЗ за годините 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014.*

*Решенија за отпочнување со работа за корисници на ТИРЗ за годините 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014.*

*Акти за соодветно даночно ослободување и олеснување издадени на корисниците на ТИРЗ за годините 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014.*

*Договори за доделување државна помош за продуктивни почетни инвестиции со сите корисници за годините 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014.*

*Годишни извештаи од основачите на ТИРЗ за годините 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014.*

Законите секогаш се добар извор доколку се сака да се утврди што конкретно треба да се бара. Се охрабруваат сите новинари да се консултираат и со невладините организации кои често работат во ова поле (за нив на ГетДата[21] во секцијата Прашај Експерт) и кои можат многу да помогнат кога се бараат овие податоци. Исто така, вработените во службите во Комисијата за заштита

---

21 GetData претставува алатка за студенти по новинарство, новинари и невладини организации кои работат на истражувања поврзани со корупцијата и владеењето на правото http://www.getdata.mk/

на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер може да помогнат да се пополни барањето. Во повеќе случаи, вработените секогаш излегувале во пресрет, затоа не е на одмет да се контактираат на телефон или да се отиде лично во Комисијата за помош.

## Како да поставите прашање до Европската Унија?

Алатката „Ask the EU“[22] или „Прашај ја Европа“, која ја создаде меѓународната организација со седиште во Шпанија, *Access Info Europe*[23], е една од наједноставните, најефикасните и дефинитивно една од најпопуларните алатки за новинарите ширум Европа кога станува збор за испраќање барање за слободен пристап до информации до институциите на Европската Унија.

Алатката функционира многу едноставно – директно на страницата има секција каде што може да се поднесе барањето. Се пишува во нивната форма (на англиски или на другите јазици на членките на ЕУ), се одбира институција каде што е потребно да се испрати барањето и тие имаат рок од 15 работни дена да одговорат.

Прашањето, но и добиениот одговор ќе бидат поставени јавно на веб-страницата и сите ќе можат да ги прочитаат. Може да се следат и барања кои биле доставени од други субјекти кои се предмет на интерес.

Одличен пример за горенапишаното може да се погледне на следниот линк[24], т.е. до сторија на НОВА ТВ која настана како производ на прашање од јавен карактер упатено токму преку овој сервис.

## Организирање истражување

Веќе на крајот на првата година од учеството на ИРЛ тренингот секој млад новинар знае да пребарува документи и лица, како во земјата така и надвор, и знае како да известува од терен и секој самостојно може да организира истражување.

22 Достапно на https://www.asktheeu.org/en/select_authority
23 Достапно на https://www.access-info.org/
24 Достапно на https://novatv.mk/file-gi-chuva-tajnite-pisma-na-gruevski/

Во ИРЛ секое истражување се сместува во фолдер кој има безбедносни заштити, додека секој новинар задолжително има VPN мрежа. Поголемите истражувања се организираат на следниов начин, односно со задолжително креирање подфолдери и документи со следнава содржина:

1. Креирање на временска рамка (која ја дава големата слика на сите настани врзани директно и индиректно со таргетот на истражување)
2. Креирање на листа на лица од интерес
3. Креирање на листа на компании од интерес
4. Листа на теории
5. Мапирање на жртвите
6. Мапирање на човечките извори
7. Листа на контакти
8. Профилирање на извори
9. Иматели на информации
10. Планирање на ресурси

Сѐ почесто младите новинари добиваат и помлад уредник од нивните редови. Во ИРЛ постои пракса во текот на тренингот да се назначи помлад уредник. Тој е должен пред уредникот, откако исцрпно ќе се документира горниот фолдер, да ги аргументира хипотезите на тимот и да одговори на следниве прашања:

1. Кои се нашите жртви?
2. Кои се нашите херои?
3. Кој е нашиот безбедносен план?
4. Која е нашата минимум, а која е нашата максимум приказна?

Погоре наведените техники и технологии се само дел од серија вештини и технологии достапни за да произведат квалитетна работа која ќе има поголемо влијание. Од прашалник кој беше спроведен помеѓу поголема група на млади новинари преку кој се прави обид да се осознаат потребите на младите во медиумскиот сектор евидентно е дека новинарите сакаат да стекнуваат нови вештини, но постои мал или безначаен интерес во редакциите тоа да се овозможи. Дел од вештините кои младите тренирани во овие центри за истражување ги стекнале се реално висококомпетитивни во секоја возрасна група. Тоа нѐ упатува кон заклучок дека основниот проблем се застарените начини на учење, недоволниот ангажман на уредниците со помладите колеги, непостоење институционални медиски политики за креирање нов кадар.

# Заклучоци и пораки со интегритет

# Заклучоци и пораки со интегритет

Улогата на младите новинари во медиумската индустрија е од особено значење и затоа е потребно медиумите да имаат механизми за привлекување, но и мотивирање за работа на младите кадри. Едукацијата на работното место, но и можноста медиумите да овозможат на дел од младите новинари да земат учество во надворешни обуки организирани од страна на разни граѓански и еснафски организации е од особена важност за професионалниот развој на младите медиумски работници.

Во услови кога професијата новинарство се соочува со дефицит од млади кадри е потребно менаџментот на медиумите да размислува како да ги поттикнува професионалните млади новинари да продолжат да бидат активни во своите медиуми. Освен ова, големите редакции е потребно да имаат внатрешни механизми на едукација на младите кадри со цел да ги заштитат не само нив туку и публиката од ненамерни грешки при креирање на медиумската содржина. Социјалниот статус и стандард останува предизвик во медиумскиот сектор на глобално ниво, но не смее младите новинари да се потценети и нивниот труд е потребно да се вреднува. Еснафските здруженија и организации во своите годишни програми и стратешки планови треба да имаат активности во кои ќе ги вклучат младите новинари во разни активности преку кои ќе се поттикне развојот на нивните капацитети. Исто така, овие организации но и медиумите е потребно да размислуваат за партнерства со високообразовните институции со цел да помогнат на студентите по новинарство да имаат повеќе можности за стекнување практична работа на теми поврзани со истражувачка работа, етика во новинарството, нови трендови во новинарството и слично.

Освен ова, високообразовните институции во државата е потребно да ги следат модерните трендови во професијата и на тој начин да имаат атрактивни курикулуми кои повторно ќе привлекуваат голем број на нови студенти по новинарство.

Носителите на јавни функции, политичарите и останатите општествено одговорни физички и правни лица е потребно во своите јавни настапи да ги охрабруваат младите критични новинари да продолжат да бидат професионални, затоа што такви се потребни за промовирањето и заштитата на јавниот интерес.

Во оваа насока во оваа публикација четворица млади медиумски работници преку лични есеи упатуваат пораки за промени, но најважно пораки за мотивација на младите да се вклучат во работата на јавноста и да придонесат за промени. Младите новинари не може да се сметаат како „потрчковци" кои чекаат трошки или исполнуваат наредби само за да ги добијат своите пет минути. Младите во земјата сакаат да учат, да се надградуваат и да најдат смисла и иднина во професиите во кои ќе одлучат да се реализираат. Со генерација со такви амбиции се можни коренити промени во медиумите и општеството во ова животно време.

## ЛИЛА КАРАТАШЕВА, новинар (22)



Желбата за новинарство се појави од потребата за пишување и од игра. Игра на редакција, си поставував услови самата на себе за колку време би можела да напишам еден текст. Дозата на самоувереност која ја чувствував во тоа време ја добив во училиште. Бев пресреќна кога на часовите по македонски јазик имавме за задача да напишеме есеј или писмена работа. Се чувствував гордо секој пат кога наставниците за мојот труд имаа само пофални зборови, а желбата еден ден да пишувам на теми со поголема проблематика и тоа да биде прочитано од публика поголема од мојот клас станувaше посилна.

Во средно училиште моите писмени продолжија да бидат пример за добра работа, но потребата за широко медиумско информирање стивна. Тоа беше периодот кога медиумите од „седмата сила" почнаа да се претвораат во партиски послушници, а јас никогаш немав такви афинитети. Не бев доволно возрасна, но бев и повеќе од доволно свесна за темната реалност која се случуваше околу нас додека на другата страна на телевизорот секогаш беше прикажувана розова слика за нашето општество.

Во текот на студирањето се чувствував подготвена да работам работа со пола работно време, која ќе ги зголеми моите месечни приходи, но како млада личност ќе ми остави и доволно простор и слободно време за моите придружни активности.

Започнав да работам во онлајн медиум. Од оваа гледна точка, не би го нарекла тоа медиум. За жал, живееме во време на недостиг од квалитетни новинарски продукти заменети со вести кои за момент знаат и да ја навредат човековата интелигенција, но носат кликови и брза заработка на сопствениците на порталите.

Мојата задача беше да ги копирам или да ги видоизменувам вестите кои први излегуваа на агрегаторот Тајм и да ги споделувм на Фејсбук со интересен опис кој ќе ги натера корисниците да ја отворат веста. Се сеќавам дека на интервјуто за работа ми беше нагласено дека јас не сум новинар, бидејќи е тоа дискутабилно со оглед на фактот што мојот факултет не е завршен, туку сум „креатор на содржина“.

За работата немав никаква подготовка, мислам дека  тоа е нешто што секој би умеел добро да го прави. Тажниот момент за новинарството е што тоа и навистина секој го прави и што „креатор на содржина“ е подобро платена работа од новинар. Мојата визија беше далеку поопширна од тоа да копирам туѓи вести, таа работа за мене не носеше никаква сатисфакција. Иако новинарството важи за ризична работа, која премногу бара а малку дава, се одлучив да почнам. Задоволна сум што мојот прв вистински допир кон новинарството е ИРЛ. Чувството дека навистина постои објективно и вистинито информирање на граѓаните ми ја врати потиснатата желба за новинарство. Борбата и трудот кои ги забележував кај колегите кои со сите сили се трудат да ја истражат вистината и  да ја прикажат на неколку страници ме воодушеви уште првата недела. Сметам дека младите новинари кои се дел од ИРЛ имаат навистина среќа што во ниту еден момент не се деградирани поради својата возраст и неискуство. Од првиот момент работевме паралелно со поискусните колеги, во процесот да им помогнеме да создадат квалитетни приказни, научивме и самите да ги создаваме. Во ИРЛ научив дека новинарството не е само пишување, туку и истражување. Истражувањето е поголемиот и повозбудливиот дел од работата, делот што одзема повеќе време, но на граѓаните им нуди сигурност и вистина во информациите кои се пласираат. Нема добро пишување без претходно добро истражување.

Денот кога на сајтот на ИРЛ се објави моето прво самостојно истражување, добив понуда повторно да се вратам да работам на онлајн портал за повисока плата од онаа што веќе ја земам. Се разочарав, не затоа што се двоумев дали да прифатам или не, ме разочаруваше помислата дека  онлајн порталите имаат да понудат повеќе за четириминутно создавање  неквалитетен продукт.

Не сакам да бидам лажно скромна и да кажам дека финансиите воопшто не се важни, напротив. Но, си дозволив да се водам според онаа мисла дека ако сакаме да го промениме светот, треба да тргнеме од себеси.

Во ИРЛ сум новинар уште пред да ја земам дипломата во раце, дури и сметам дека она што го научив во изминатите месеци никогаш немаше да го прочитам во книга од 700 страници за испит. Сепак, дел сум од помладите генерации за кои можам да кажам дека се доста заслепени од моќта на парите и славата. Верувам дека поголемиот дел од студентите на моја возраст прво ќе се обидат да бидат дел од владиниот пиар и портпароли.

Еден дел од нив сигурно ќе одберат временска стабилност и ќе се нафатат да бидат „креатори на содржина" а не новинари, бидејќи тоа ќе им донесе поголема заработка. Јас решив да бидам новинар и секој ден да се трудам да создавам вистина. Оваа работа бара доста откажувања, но нуди огромно чувство на задоволство кога знаете дека придонесувате за јавното добро. Секако, сметам дека новинарите за својата работа заслужуваат да бидат добро платени. Со тоа би се охрабриле и помладите да бидат дел од оваа мисија, без страв за тоа дали ќе можат да си дозволат нормален живот. Младите новинари се клучот на оваа професија, бидејќи ако сите сегашни студенти се обидат да бидат пиар, креатори на содржина и портпароли, кој ќе остане да информира транспарентно?

## **СУНАИ САБРИОСКИ, новинар (28)**



Вест, коментар, статија, колумна, фичер, фељтон, репортажа, клин-вест, извештај, интервју, соопштение, конференција за печат, и, секако, превртена пирамида и тоа златно новинарско правило пет плус едно? Ова се некои основи во новинарството кои произлегуваат од дневните предавања на Факултетот по новинарство. Но, што се случува во пракса? Тоа е горлчиво или наречете го траорно прашање со кое се соочуват младите новинари, тие кои одлучиле да се занимаваат со ова

професија, бирајќи да студираат за потоа да продолжат доследно да работат. Но, има едно големо НО помеѓу американските филмови и реалноста на новинарството, особено во Северна Македонија.

Зошто, гносеолошко прашање кое би требало да биде најчесто поставено прашање уште пред да се одлучи да се плови во новинарските води, особено таму каде што има само морнари но не и капетани, капетани постојат и по обичај тие би требало доследно да се борат за опстанок на екипажот, т.е. за тимот. Тоа можеби е теорија која е заглавена таму некаде од времето на Acta Diurna Populi Romani од 59 г.пр.н.е., па преку Лорд Нортклиф и Џозеф Пулицер занемарувајќи го фактот дека веќе сме 2021 година. Тоа само по себе зборува дека работите би требало одамна да се променат. Студентите по новинарство да добијат соодветен третман низ системот на функционирање на новинарството, односно од теорија кон пракса, односно од амфитеатар до терен би требало некој да им ги објасни енормните разлики, да им се укаже на предизвиците за да не се соочат со проблемот во иднина да бидат прес-агенти.

Првата реалност би требало да биде мостот помеѓу младиот новинар и менторот или туторот, или наречете го фасцилитатор уредникот кој би требало да ве води низ сурово реалниот свет кој се избира да се живее.

Влезот на младите, надежни и идни новинари е оставен на случаен избор, неретко да се биде новинар за да се пополни минутажата преку формата, но не и содржината. Се започнува со концептот диктиран по некои „непишани“ комерцијални цели да се биде ИН, односно во тек со настаните. Па така, млад новинар би требало да подлежи на исклучителна пракса – систем кој би требало да го има искреирано секој медиум кој би требало да се занимава со доследно креирање на јавното мислење каде предимство ќе се даде на граѓаните кои треба да доминираат во етерот.

Праксата одеднаш станува незабележителна и непотребна во нашиот плурален медиумски свет. Ретко кој ја има можноста пред да започне да креира јавно мислење да биде менториран, најчесто е оставено времето како што викаат постарите „да се искалеми“.

Најважниот филтер за секој почетник новинар треба да биде праксата воспоставена од секој еден медиум, без разлика дали станува збор за традиционалните или за нови медиуми. На секој почетник – новинар треба да му се овозможи да ги осознае основните техники, а потоа и да навлезе во содржината па и формата. Најчест случај е девалвирање на професијата – држење микрофон или диктафон, што е сосема дегунтантен процес за развивање на

професионалецот, ако претходно не се потенцира сржта на професијата, да не се дозволи да се стане идниот држач на микрофони кој би бил безгласен во улогата на потсетување на власта со секое прашање коешто е или би требало да биде од суштинско значење при формирање на некакво мислење кое потоа преминува во порака до крајниот консумент/реципиент, т.е. граѓанинот.

Потребно е секој медиум да воспостави систем каде што секој кој ќе започне со новинарска кариера треба да помине основни методи на оспособување за идниот столб во демократијата која би требало да ја чува. Пракса која освен техники на изразување и пишување, ќе овозможи да се стекнат и со вештини кои значат техничко уредување на медиумскиот производ, тука мислам и на мултимедијалниот израз кој го налага дигиталната ера во која впрочем е навлезена и професијата – новинарство!

Втора работа, неможноста на новинарите да се дообучуваат или да се преквалификуваат е сериозен проблем во професијата. Најчесто новинарите немаат можности да посетуваат тренинзи, обуки, семинари, летни школи или пракси кои би биле од суштинско значење, како за самиот новинар така и за медиумот каде што работи новинарот.

Потребно е медиумот да се грижи за својот новинар/медиумски работник за негово доследно следење на тековите и новините во професијата и тоа преку погоре наведените обиди за доквалификации. Најчесто новинарите не се во можност да посетуваат какви било дообучувања поради немање време или финансии, за што впрочем медиумот би требало да одвои дополнителни финансии кои нема да задираат во платата, која и тоа како е недоволна за новинарот да си дозволи доусовршување.

Одеднаш ја снемува потребата за нудење квалитет, па некако се нуди квантитет. Од новинарот се бара да биде достапен 24/7, што по некое непишано правило би требало да е така, но во реалноста никој не води сметка за психофизичката способност на новинарот кој веќе константно секој ден е на работна задача. Одеднаш се бараат теми за кои новинарот нема време да размислува, бидејќи веќе е навлезен во машинерија каде по инерција не се бира квалитетот, важно е да се донесе некаков текст кој ќе послужи за сатисфакција да се пополни содржината, бидејќи јавноста не смее „да трпи“. Одеднаш уредникот заборава на трудот на својот колега репортер, па така не ни води грижа за објективноста, најчесто очекува медиумскиот простор да го пополнат самите репортери и тука некаде се губи улогата на уредникот која впрочем е вреднувана многу повеќе од улогата на репортерот, кој, пак, останал доследен во извршувањето на задачата.

Одеднаш сите имаат апетити  да бидат уредник без притоа да се размисли дека таа позиција има своја огромна тежина, па така тие застанувајќи на „пиедесталот“ сè што прават е обид за некакво уредување.

Новинарот одеднаш ја губи својата слобода, го губи својот идентитет – нема препознатливост, уредникот одлучил да „ редактира“, односно тоа што се прави е бришење на трудот со цел да се нахрани со сопствениот апетит и его мислејќи дека ако ја промени фабулата и редоследот на речениците со мал бирократски речник достигнал уредништво врз погубниот новинар кој се претопува и станува едноличен, за момент јавноста помислува дека во тој плурален медиумски свет работи еден новинар, бидејќи сè е така исто без обид за да се понуди квалитет и разноличност. Вокабуларот речиси идентичен а со тоа и новинарството, бидејќи така одлучил уредникот! Зборуваат за етика а ја прегазуваат личната етика. Компромис – штета тешко се воспоставува комуникација со дел од уредниците, односно немаат разбирање.

Па така низ еден апсурден систем, со ограничена слобода на изразување и ниски плати, младите новинари во државата сè почесто ја напуштаат професијата. Нивниот ентузијазам за чување на јавниот интерес нагло исчезнува поради општествените случувања и недоволната подготовка за „реалниот свет на медиумите“.

## ДАВИД ИЛИЕСКИ, истражувач и продуцент (24)



Првиот контакт кој го имав со новинарството беше при изработката на младинската емисија „Крик“. Проект финансиран од организацијата за меѓународен развој на Би-би-си во соработка со Телевизија 24, каде и се емитуваше првата сезона на серијалот.

Кога во 2017 година мојата  стара пријателка од детство, но и новинар, Деница Чадиковска, ми предложи да аплицираме со идеја за телевизиска емисија за млади, воопшто не очекував дека овој проект засекогаш ќе го смени мојот пат во кариерата. До тогаш немав никакво искуство со новинарство или телевизиска продукција. Веќе бев втора

година на додипломски студии, на факултет кој и немаше некоја поврзаност со овој нов предизвик.

Имавме конкретна идеја како сакаме да го реализираме овој продукт. Фактот дека во моментот на македонските телевизии, па ни на онлајн медиумски платформи и канали, речиси и да не постоеше програма која адресираше младински теми, а паралелно на тоа, преку социјалните медиуми и глобалните видеоплатформи како Јутјуб бевме постојано изложени на содржина која директно ни се обраќаше нам, и најчесто беше дело на наши врсници од светот – сакавме да подготвиме нешто што ќе биде ново и наше. А не – ново и туѓо.

Ментор при подготовката на апликацијата, а понатаму и при продукцијата на серијалот, беше долгогодишниот новинар и основач на ИРЛ, Сашка Цветковска. Кога започнавме да ја разработуваме иницијалната идеја прв пат се соочивме и со реалноста во медиумите во Северна Македонија. Вистината дека младите секогаш биле маргинализирани во нашето општество и дека интересите на младите не се подеднакво и понекогаш воопшто застапени во јавните медиуми, особено во мејнстрим медиумите. Нѐ натера да размислиме во насока дека можеме да создадеме проект за инклузивно општество со одговорни млади луѓе кои ќе имаат слобода на изразување и ќе бидат директно вклучени во процесот на донесување одлуки.

Навистина имавме надеж дека овој проект ќе биде почетокот на овие промени. Дека со поставување  нови стандарди ќе покажеме дека младите можат да учествуваат во креирање  содржина на македонски јазик, гледлива исто онолку како она на што секојдневно бевме изложени на глобалните медиуми.

Првата сезона на „Крик“, или 12 епизоди во времетраење од 30 минути, ја работевме со тим од 5 млади луѓе кои до тогаш и немале директно искуство со продукција на телевизиска програма. Тројца новинари, меѓу кои и јас, и двајца филмски работници, односно режисери, камермани и сценаристи на серијалот. Млади кои доаѓавме од различни сфери со цел да направиме комбинација на квалитетни информации и интерактивен визуелен приказ на информациите.

Продукцијата на овој серијал ја правевме со поддршка на Телевизија 24, но како независен проект во самата телевизија. Брзо по доаѓањето во телевизијата и почетокот со продукцијата на серијалот, сфативме дека постои голема разлика меѓу она што ние сакавме да го правиме со „Крик“, и она што се случуваше со продукцијата на програма во телевизијата. Најголем дел од повозрасните колеги во телевизијата не посветуваа премногу време за тоа каков е квалитетот

на продукцијата. На нас се гледаше поразлично. Особено при почетокот на работата пред да ја реализираме првата епизода. Можам да кажам со недоверба. Иако, во телевизијата имаше и колеги кои нè поддржаа и ни понудија помош при изработката на серијалот.

Свесни бевме дека можеби ни недостасува искуството кои постарите колеги го имаат. Но, она што го имавме беше ентузијазмот и визијата на нашите врсници, кои беа и нашата главна целна публика. Сепак, постоеше ризик дека како млади новинари ќе имаме проблеми со пристапот до потребните информации и начинот на кој тие ќе бидат преработени. Меѓутоа, со цел да го компензираме искуството што ни недостасува, редовно се консултираме со нашите постари и поискусни колеги кои се согласија да ни ја дадат нивната поддршка и менторство, односно тоа беа Сашка Цветковска и организацијата Истражувачка репортерска лабораторија – ИРЛ.

Сите овие компонентни успеаја да го создадат овој продукт (нешто добро за „Крик“). Чувството дека имавме можност сами да ги избереме темите кои ќе ги одработуваме. А и начиниот на кој ќе ги раскажеме овие теми ни даде едно поразлично чувство дека со нашиот начин на размислување и нашите потреби како млади можеме да придонесеме кон значајни промени во насока на подобрување на квалитетот на живот на младите во Северна Македонија.

Откако заврши првата сезона на „Крик“ сакавме овој продукт целосно да се одвои од телевизијата и да стане независна медиумска платформа за млади. Додека се обидувавме да обезбедиме финансиски средства за да продолжиме со нашата работа, процес кој никогаш не очекував да биде толку сложен, Цветковска нè покани тоа да го правиме од канцелариите на ИРЛ. Обезбедувањето финансиски средства за „Крик“ се покажа дека беше скоро невозможен процес. Па по само неколку месеци нашето работење од канцелариите на ИРЛ премина во работа како практиканти новинари.

Тогаш и за прв пат се соочив со работа на истражувачки новинарски стории, работа која бара највисок професионален и етички стандард во новинарството. Првата поголема приказна на која имав прилика да работам, благодарение на пристапот кој го добивме во ИРЛ, да работиме на приказните кои во моментот ги работеа нашите поискусни колеги , беше приказна за замрзнатитот имот на партијата ВМРО-ДПМНЕ од страна на Специјалното јавно обвинителство. Приказна која ќе се објави во соработка со меѓународниот Проект за известување за организиран криминал и корупција, OCCRP, каде ИРЛ е член организација.

Додека работев на оваа приказна имав прилика преку директна инволвираност да го следам процесот на работа на една истражувачка сторија по највисоки меѓународни стандарди. Од начинот на кој се прибираа информациите, а понатаму и начинот на кој се преработуваа, па сè до поставувањето на хипотезата и пристапот за најдобро да се презентира и да се раскаже приказната. Новинар на сторијата беше Маја Јовановска. Сашка Цветковска беше уредник. Мојата задача беше да асистирам при преработката на локациите, бројот и вредноста на имотот на ВМРО-ДПМНЕ.

Чувството предизвикано од разликата меѓу работата на оваа сторија со ИРЛ, и начинот на кој новинарите ја работеа работата во телевизијата, е нешто што има голема улога во начинот на кој денес гледам на новинарството. И е една од главните причини зошто останав во оваа професија. Постои стандард на нешто наше (и ново), што може да биде компетитивно на меѓународниот пазар.

Втората работа која ми овозможи во ИРЛ да се градам како млад професионалец беше слободата да придонесеме со идеи за истражувања. Мислам на можноста како млади новинари темите да произлезат од нас, со што и ќе адресираат проблеми поврзани со нашата генерација. Па така, само неколку месеци откако дојдов во ИРЛ добив можност да работам на мојата прва истражувачка сторија заедно со поискусната колешка Александра Денковска: „Привилегирани ѕверки: Хаос и беззаконие со ноќните клубови во Градскиот парк“. Навистина е возбудливо кога работите на нешто што вознемирува толку моќни луѓе. И така почнувате да мислите дека можеби и има смисла да останете во новинарството.

Една година подоцна, кога веќе беше јасно дека младинскиот проект „Крик“, за жал, е платформа која нема да успее да продолжи со работа поради малите можности за прибирање финансиски средства, а работата во ИРЛ ни понуди можности и возбуда кои никогаш не ги очекував, останавме да работиме како помлади репортери во тимот на ИРЛ. Тогаш ја добив и можноста да бидам дел од првиот *OCCRP Research Fellowship*, програма за стекнување напредни вештини за пребарување и истражување. Благодарение на тоа што ИРЛ соработува со оваа мрежа, имав можност да се стекнам со овие вештини преку практична работа со тимот на *Investigative Dashboard*, сервис на OCCRP што им помага на истражувачките новинари во мрежата да спроведат истражување брзо и ефикасно. Откако ја завршив оваа програма, станав и дел од самиот тим, како прв претставник од Истражувачката репортерска лабораторија во *Investigative Dashboard*.

Додека сè уште работам како новинар во ИРЛ, помагам и во матичната организација (OCCRP) како дел од меѓународниот тим на стручни истражувачи и специјалисти за податоци, кој е достапен за да помогне во пронаоѓањето луѓе, компании и средства – како бродови и авиони – каде било во светот, но и да пребарува напредни бази на податоци со цел да им помогне на новинарите од целиот свет побрзо да дојдат до документи потребни за нивните приказни.

## **ЛУКА БЛАЖЕВ, графички дизајнер (26)**




Мојот ангажман во медиумите започна со поканата да работам на проектот „Мобилни редакции“, поточно на кампањата „Бори се со нас“ спроведена од ИРЛ. Во тој момент започна мојата приказна, да го спојам она во што сум вешт со она во што верувам и сакам да го променам во нашата држава.

Пораката која ја пренесе првиот проект беше она пресудното што првично ме заинтересира да се вклучам во тимот, а истрајноста, храбоста и визијата на сите во ИРЛ се она што ме прави горд да сум сè уште дел од тој тим.

Почетоците во ИРЛ не беа од оние почетоци во кои влегуваш со страв од непознатото. Уште од првиот момент видов пријателство, надеж и прифаќање. Верував во она што пробуваат да го променат, па со тоа и се надевав дека ќе останам со работниот ангажман.

Благодарен сум што сум дел од ваков тим, каде константното надградување, проширување на видиците е неизбежно, но и секојдневно растам од дизајнерски аспект. Од почетокот до сега можам да забележам многу позитивни промени кај себе, секојдневно се полнам со нови знаења, имам поголема свесност за целокупната политичка, но и општествена ситуација во Северна Македонија.

Што се однесува до синергијата која ја имаат пишаниот збор и визуелниот дел, сметам дека преку дизајните може да се раскаже целата приказна.

Дизајнот има свој почеток, средина и крај. Би кажал дека еднакво е важно да ја имаш и слободата на уметничко изразување, која јас ја најдов работејќи како дел од тимот на ИРЛ.

Лична цел ми е секој дизајн да има онолку влијание врз луѓето колку што има и конкретната новинарска статија, бидејќи секој мој сработен дизајн е со огромна љубов и верба во она што го творам. Креативноста е бесконечна кога работиш за ИРЛ.

Верувам дека медиумите треба да им остават поголем простор на младите да се изразат, да инвестираат во нив и да ги едуцираат на теми кои нè засегаат сите во нашето секојдневие.

Апелирам до младите да се ангажираат повеќе во промената за подобро утре, да ја кажат гласно својата приказна, за себе, за сите околу нас и за оние кои допрва ќе дојдат.

Промената е во наши раце и ако ние се откажеме промената никогаш нема да дојде.

Се надевам дека уште долго ќе бидам дел од оваа приказна и дека уште многу луѓе ќе се борат со нас.

# Резиме

# Резиме

## Младите новинари како шанса за нова ера на медиуми со интегритет и влијание

Во последната деценија, но особено во последните три години, многу од клучните стратегии на донаторските програми за поддршка го ставија младинското новинарство високо на листата на приоритети. Преку сè подостапните и поприсутни тренинзи од страна на медиумските организации, младински програми во локалните редакции и преку училишните весници, поткасти и други дигитални платформи, денес во развиените земји во светот младите се вклучени во продукција на квалитетно новинарство на начин кој станува сè повидлив и се проценува за витален за опстанокот на заедниците. Младинското новинарство е решението за проблемите и платформа за идеите кои ќе ги трансформираат заедниците, градовите, државите, светот во нивното време и во иднина.

Новинарите и медиумите уште повеќе треба да инсистираат на соработка со образовните институции и младите од заедниците, затоа што од тоа потенцијална придобивка би имало целото општество. Не само што постои потреба да се поддржат младите новинари во заедниците да известуваат за приказните и проблемите кои ги мачат нив, туку ова е и огромна можност на младите да им се дадат задачи да работат теми кои ќе промовираат дијалог и свесност меѓу различностите на глобално ниво. Денешните млади како ниту една генерација досега ја имаат можноста да ги дискутираат своите продукти и да имаат интеракција и вредносен суд и размена на идеи со своите врсници во светот. Да се користат младите во продукцијата на новинарски продукти е едно, но најголемата можност за поттикнување промени преку новинарството денес лежи во глобалната поврзаност: да се подготви следната генерација граѓани на светот кои ќе имаат вештини, разбирање и храброст да ги решат глобалните проблеми на денешницата во нивното време.

Позитивната страна од новинарската професија во општ контекст е токму ова – слободата и отвореноста кон секој кој има желба и шанса да се обиде да биде новинар, како и можноста да се влијае за подобро општество и поквалитетен живот за граѓаните е еден од мотивите за почеток на новинарска кариера.

За потребите на оваа публикација беше разговарано со професори и вработени од трите државни универзитети во кои има оддели за новинарство и тоа во Скопје, Штип и Тетово, а освен тоа се анализира и спроведен прашалник од полуотворен тип со осум прашања на кои во текот на  март 2021 година дадоа одговори  26 млади новинари.

Во последните петнаесетина години низ тренинг програмите на БИРН поминале стотици новинари од регионот, многумина од нив сега уредници и новинари во водечки медиуми, телевизии, портали, во чии биографии се содржани престижни награди и признанија. Балканската стипендија за новинарска извонредност, програма со која  од 2007 година годишно десет новинари од регионот работат на длабински анализи и истражувања вклучува детален почетен еднонеделен тренинг, најчесто одржуван во Берлин и Виена. Пред пандемијата со коронавирусот ова било значителна финансиска и уредничка поддршка за работа на една сторија во период од неколку месеци. Многумина кои биле дел од оваа програма велат дека е тешко да изберат само еден сегмент што би го издвоиле како најдобар. Шансите за патување, запознавањето, дружењето, разменувањето искуства со колеги од регионот, но и посета на редакции во други земји, контакти со различни новинари, но и создавање мрежа на контакти во регионот и Европа и долгогодишни пријателства. За општествата, во кои генерално има малку интерес и уште помалку познавања што се случува преку границите на земјата, овој тип на програми нудат совршена можност за надградување.

Од особена важност е младите новинари да се учат на таканаречната стара школа за етика и стандарди, а формалните и неформалните образовни организации да им овозможат на младите луѓе приказните кои  ќе ги комуницираат со светот да имаат интегритет, ефективност и сеопфатно покривање. Само соодветно тренирани и високомотивирани новинари можат да ја вршат улогата на чувари на вистината и да бидат вистински очи на граѓаните во време кога повеќето граѓани се апатични.

Во Северна Македонија младите уредници и новинари кои  во минатата деценија работеа со *Organized Crime and Corruption Reporting Project - OCCRP* со фокус на стекнување аналитички и критички вештини за откривање криминал и корупција, денес во мала редакција во Скопје, без формални тренинг програми, туку исклучиво преку практична работа и поттикнување на храброто новинарство, тренираат нова генерација медиумски работници кои треба да дадат придонес во светската борба против корупцијата и криминалот како најголеми закани за демократијата. Нивното искуство во оваа публикација е презен-

тирано како уникатен концепт кој ги обединува искуствата на младите уредници и истражувачки новинари кои биле тренирани и работеле регионално и меѓународно на теми на кои работеле и нивните врсници во Европа и светот. Денес преку локалниот центар на Истражувачката репортерска лабораторија се тренираат нови млади сили во почетните стадиуми на нивните кариери, со стремеж да се креираат глобално компетитивни критички умови кои ќе ја разберат моќта на медиумите и ќе ги сетираат идните стандарди рамо до рамо со своите врсници во светот.

Како еден од заклучоците на кои нѐ упатува оваа публикација е тоа дека улогата на младите новинари во медиумска индустрија е од особено значење и затоа е потребно медиумите да имаат механизми за привлекување, но и мотивирање за работа на младите кадри. Едукацијата на работното место, но и можноста медиумите да им овозможат на дел од младите новинари да земат учество на надворешни обуки организирани од страна на разни граѓански и еснафски организации е од особена важност за професионалниот развој на младите медиумски работници.

Во услови кога професијата новинарство се соочува со дефицит на млади кадри е потребно менаџментот да размислува како да ги поттикнува професионалните млади новинари да продолжат да бидат активни во своите медиуми. Високообразовните институции, пак, во државата е потребно да ги следат модерните трендови во професијата и на тој начин да имаат атрактивни курикулуми кои повторно ќе привлекуваат нови студенти по новинарство. Ова ќе придонесе младите критични новинари да продолжат да бидат професионални, затоа што такви се потребни за промовирањето и заштитата на јавниот интерес.

ISBN 978-608-4648-63-5
ISBN 978-9989-2225-9-7